ДЕНОТ НА АРМИЈАТА | ВОЕНАТА ДОКТРИНА НА ЈНА | ХЕЛИКОПТЕР „МИЛ МИ-24“ | „TRANSPORTPANZER FUCHS“

# ШТИТ

Број 131
Септември 2020
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Започна со работа Командата на СЕЕБРИГ



# Свечено одбележан Денот на Армијата на Република Северна Маке

На 18 Август, на Воениот стадион во Градскиот парк во Скопје, на пригоден начин се одбележа 18 Август – Денот на Армијата. На свеченоста со пригоден говор се обратија претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, министерката за одбрана Радмила Шекеринска и началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, а присуствуваа голем број високи гости од одбраната и дипломатијата. Претседателот и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, во неговото обраќање истакна дека полноправното членство во НАТО немаше да биде можно без континуирано вложените напори и без професионалниот однос на сите припадници на Армијата, без луѓето кои секогаш се главната динамична сила на интегративниот процес. Нашето членство е резултат на темелните одбранбени реформи, личната посветеност на храбрите жени и мажи во нашите вооружени сили и нивното учество во ризичните мировни мисии во светот. Воедно, претстедателот истакна дека одговорноста од членството во НАТО ја крева на многу повисок степен и одговорноста на Армијата.
„Од март оваа година нашата униформа и име се нераскинлив дел од оваа глобална алијанса. Затоа, мораме да продолжиме да инвестираме во одбраната, да ја модернизираме и опремуваме Армијата, и за тоа секогаш ќе ја имате мојата лична поддршка“, истакна претседателот Пендаровски. Од страна на претседателот Пендаровски со највисокото воено признание – Орден за воени заслуги за постигнатите резултати во работењето, беа одликувани Баталјонот за военомедицинска поддршка, 3. пешадиски баталјон од 1. пешадиска бригада, како и Канцеларијата за соработка во одбраната на САД за континуиранaта помош и поддршка во процесот на јакнење на капацитетите на Армијата.
Во својот говор, началникот на Генералштабот, истакнувајќи дека ова е прва година како го славиме роденденот како полноправна членка на НАТО, за што сме особено горди, изрази благодарност, признание и почит до сите поранешни и активни воени и цивилни лица од Армијата и Министерството за одбрана, кои со напорна работа придонесоа во градењето, развојот и интеграцијата на Армијата во НАТО. Министерка за одбрана, Радмила Шекеринска,













обраќајќи им се на присутните на прославата истакна: „Порачувам да бидете горди, сите вие припадници на Армијата и поранешни и сегашни, затоа што во пишувањето на влезницата за НАТО вие имавте клучна огромна улога. Триесет години надеж и исчекување ги претворивме во резултат. Станавме 30. членка на Алијансата и дел од најмоќниот воено-политички сојуз на денешницата“.
„Сакам да се заблагодарам и на довербата која граѓаните мене ми ја дадоа за да учествувам и докрај да истерам два клучни процеси за нашата татковина: ЕУ кандидатскиот статус, но сега, пред сè, членството во НАТО, додаде Шекеринска. За да го заработиме членството во НАТО, но и за да го подобриме статусот на припадниците на Армијата исполнивме неколку услови. Зголемување на буџетот на Армијата за повеќе од двапати, зголемување на платите, нова лична и борбена опрема, нови закони што ќе ја поддржуваат Армијата. Така успеавме да станеме членка на НАТО“, посочи Шекеринска.
Генералот Ѓурчиновски, обраќајќи се до припадниците на Армијата, истакна: „Денес, со гордост можам да кажам дека многу постигнавме, но имаме уште многу да направиме. Единствени сме со најголема доверба и поддршка кај граѓаните во нашата држава во континуитет, за што сум особено горд на сите вас. Довербата и поддршката за нас претставува признание и препознатливост на граѓаните за нашата посветеност и професионализам, базирана на морал и етика во нашата работа, но и обврска да продолжиме по вистинскиот пат.“

Кристина Илиевска







# содржина

ШТИТ ■ година XII ■ број 131 ■ септември 2020

Инфо 5

На прва линија
**Започна со работа Командата на СЕЕБРИГ** 6

НАТО активности
**Координација во воздушниот простор** 8

ПзМ армии
**Армиите на земјите на „Партнерство за мир“ Грузија** 10

Историја на македонското воздухопловство
**Киро Хаџи-Арсов Потсетување на еден заборавен пилотски подвиг** 14

Глобал
**САД во борбата против тероризмот** 16

Едукација
**Воената доктрина на ЈНА** 20

Вооружување
**„KMW APVT“ – амфибиско концепт возило** 32

Вооружување
**Хеликоптер „Мил Ми-24“** 34

Вооружување
**„Transportpanzer Fuchs“** 36

Воорживање
**Пешадиска пушка Гаранд М-1** 40

Воени музеи
**Тенковскиот музеј во Кубинка** 46

Незадолжително
**Шпанската граѓанска војна – „Војна на поетите“** 54

Филм
**„Белите шлемови“** 56

# Кон нови успеси

На 18 Август Армијата на Република Северна Македонија свечено го одбележа својот 28. роденден. На свеченоста се обратија претседателот и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, министерката за одбрана Радмила Шекеринска и началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски. За овој роденден на Армијата навистина имаше за што да се проговори во однос на достигнувањата и успесите на нашата армија.

Оваа година ќе биде трајно забележана како година на историски успех на нашата земја и нејзината армија. 2020 година е годината во која конечно бевме примени во најмоќната воено-политичка алијанса во светот. Исполнувајќи ги и последните императиви за прием, конечно станавме 30. земја членка на НАТО. А, за овој успех, секако дека голем удел имаат токму реформите и активностите кои ги постигна Армијата и нејзините припадници кои посветено, со голем ентузијазам и врвна подготвеност ги исполнуваа сите задачи и предизвици кои ги налага зачленувањето во Алијансата.

Воениот врв на Армијата, на чело со началникот на Генераштабот, генерал-потполковникот Васко Ѓурчиновски и раководството на Министерството за одбрана на чело со министерката за одбрана Радмила Шекеринска, успеаја за време на мандатот да ги реализираат и последните реформски зафати во Армијата, да ги донесат најзначајните стратегиски документи и да ги решат повеќето проблеми кои во овој сектор со години наназад не беа решавани. Буџетот за одбраната се зголеми, платите на припадниците се покачија, се набавија нови униформи, нова опрема и оружје, се реновираа армиските објекти, се зголеми бројот на жените во Армијата. Затоа овој период ќе биде трајно запаметен во историјата на Република Северна Македонија, и токму затоа министерката за одбрана Радмила Шекеринска го започна вториот мандат на истата функција и во новата Влада на Република Северна Македонија. Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, ќе биде запаметена и како прва жена министер за одбрана во Република Северна Македонија.

По повод повторното назначување за министерка за одбрана, Радмила Шекеринска изјави: „Со голема чест и посветеност го почнувам вториот мандат како министерка за одбрана. Во 2017 затекнав затворена институција, низок буџет, искинати униформи, мали плати, целосно занемарена армија. Денес сликата е поинаква. Веќе сме членка на НАТО, со двојно поголем буџет, со зголемени плати, први во транспарентноста, со нови униформи и опрема. Не застануваме тука! Членството во НАТО ќе го искористиме во полза на државата и одбраната. Ќе покажеме дека можеме уште подобро!“

Имајќи го предвид досега оствареното за време на нејзиниот претходен мандат во Министерството за одбрана, нејзината посветеност, работливост и ентузијазам, сигурни сме дека Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија ќе го продолжат патот кон нови успеси и промоција на нашата татковина како современа демократска и успешна земја која во наредниот период ќе ја оствари и втората голема стратегиска цел – членството во Европската унија и споделување на заедничките вредности со сите нејзини земји членки.

д-р Жанет Ристоска





ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.




# Чествување на Денот на Републиката

Чествувањето на големиот национален празник Илинден – Денот на Републиката, кој оваа година се одржа под слоганот „Победа за сите“, и овој 2 Август се одржа на неколку локации. Заменичката на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министерка за одбрана, Радмила Шекеринска, ја предводеше делегацијата на Владата во Крушево. По повод националниот празник Илинден, министерката Шекеринска, во придружба на министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, положи венци со цвеќе на гробот на Никола Карев на Македониумот, на споменикот на хероите во месноста Слива и на споменикот на бранителите на Крушевската Република на Мечкин Камен. „Со гордост се поклонив на спомениците на Илинден во Крушево – на гробот на Никола Карев во Македониумот, на споменикот на 40-те херои и на Мечкин Камен. Денеска ги славиме илинденците – хероите кои се бореа за слобода и оние по нив кои се бореа за државност! Се поклонив со гордост бидејќи го исполнивме заветот на нашата генерација – независна и слободна држава, денеска членка на НАТО, призната и рамноправна со најмоќните, на сигурен пат за членство во ЕУ. Тоа е нашиот долг кон предците и нема да отстапиме“, порача министерката во честитката по повод Денот на Републиката.



# Посета на началникот на Вооружените сили на Холандија

Началникот на Вооружените сили на Кралството Холандија, адмирал Роб Бауер, оствари тридневна официјална посета на Република Северна Македонија, при што престојуваше во Генералштабот на Армијата и Министерството за одбрана. Адмиралот Бауер, по пречекот со високи воени почести, со почитување на мерките и препораките за спречување на ширењето на вирусот „Ковид-19“, оствари средби со НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и со министерката за одбрана Радмила Шекеринска. Генералот Ѓурчиновски, со својот колега разговараше за можностите за унапредување на идната соработка како НАТО сојузници, особено во процесот на воената едукација, како и за соработката на оперативно рамниште преку изведување на заеднички воени вежби со користење на капацитетите на армискиот полигон „Криволак“. Адмиралот Бауер ја истакна подготвеноста за интензивирање на понатамошната соработка и стручна помош во процесот на целосно интегрирање во структурите на НАТО.



На средбата на министерката Шекеринска со адмиралот Бауер се разговараше за можностите на унапредување на билатералната соработка и новите предизвици во одбраната. „Нашите две држави имаат извонредна историја на соработка во одбраната и уверена сум дека приемот на Северна Македонија во НАТО ќе даде нов импулс кон повторно интензивирање на таа соработка и одржување на заеднички обуки и вежби“, истакна министерката.

Делегацијата на ВС на Кралството Холандија го посети и Баталјонот за специјални намени во касарната Илинден и Кампот за обука на вода во Охрид.

# Одбележан Денот на 3. пешадиски баталјон

Со одлука на претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на ВС, 27 Август е прогласен за Ден на 3.пб во чест и сеќавање на традициите од 15. поречка ударна бригада, која била формирана на овој ден во далечната 1944 година. Во касарната „Кузман Јосифовски-Питу“ во Тетово, со воена свеченост, припадниците на 3. пешадиски баталјон (3.пб) од составот на 1. пешадиска бригада (1.пбр) го одбележаа Денот на единицата. На свеченоста присуствуваа командантот на 1. пешадиска бригада, полковник Бесник Емини, со дел од персоналот од командата и штабот на 1.пбр и командантите на потчинетите единици. Полковник Емини во својот говор упати честитки за денешниот ден и оддаде посебно признание за доделениот Орден за заслуги за успешно завршената задача во справување со пандемијата на вирусот „COVID-19”. По повод Денот на единицата, командантот на 3.пб, потполковник Изеир Ејупи во своето обраќање истакна: „Денес одбележуваме уште еден ден во вековната борба и стремежите на многу генерации за слободна и независна држава, а денешната свеченост е уште една можност да се потсетиме на нашите славни предци и нивните херојски дела“. По повод Денот на единицата за успешноста во работата и извршувањето на работните задачи беа доделени стимулативни мерки.






# Започна со работа Командата на СЕЕБРИГ

На свечената церемонија која се одржа во касараната по повод започнувањето со работа на Главниот штаб на СЕЕБРИГ присуствуваа претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски, премиерот Оливер Спасовски, министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, претседавачот на процесот СЕДМ, Петро Кочи, началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, воените аташеи на земјите учеснички во Бригадата, претставници од дипломатскиот кор и од локалната самоуправа. Премиерот Спасовски истакна дека граѓаните на Република Северна Македонија се гордеат со уште едно значајно постигнување, во годината кога станавме членка на НАТО стануваме и земја домаќин на Бригадата на Југоисточна Европа.

Главниот штаб на Бригадата на Југоисточна Европа (СЕЕБРИГ) до 2026 година ќе биде во нашата земја. Во касарната „Боро Менков“ во Куманово, од 26 август 2020 година започна со работа Командата за Југоисточна Европа (СЕЕБРИГ)

„Од денеска е активна Командата на Бригадата на Југоисточна Европа во простории во касарната во Куманово каде што е и Командата за операции на нашата армија. Сите подготовки беа навреме направени и завршени според највисоките НАТО-стандарди, и со тоа се создадени услови за 50 високи офицери на земјите членки на НАТО и на иницијативата СЕЕБРИГ, од кои 10 офицери се од нашата армија и ќе ги исполнуваат своите оперативни задача“, потенцираше премиерот Спасовски. Тој објасни дека Бригадата на Југоисточна Европа е формирана во 1999 година, врз основа на договорот за регионална соработка на полето на одбраната, познат како Договор за мултинационални мировни сили на Југоисточна Европа (ММСЈИЕ), кој во 1998 година во Скопје го потпишаа министрите за одбрана на: Албанија, Бугарија, Грција, Италија, Северна Македонија, Романија и Турција, а локацијата на Командата на СЕЕБРИГ е на четиригодишна ротациона основа.  Нејзини домаќини досега беа: Пловдив, Констанца, Истанбул и Лариса. „Со командата на СЕЕБРИГ во Куманово, Република Северна Македонија добива признание за одлучното и посветено исполнување на стандардите на НАТО и за придонесот кон градење на светскиот мир и борбата против

тероризмот со учеството на повеќе од 4.000 припадници на АРСМ кои беа дел од меѓународните мисии“, рече Спасовски.
Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, пред присутните порача дека стационирањето на Командата на SEEBRIG во нашата земја и полноправното членство во НАТО се две нешта за коишто можеме да бидеме задоволни во годината која ќе биде запаметена и по глобалната криза со пандемијата на Корона вирусот.
„Ова за нас носи голема одговорност, но и покажува дека ние можеме да го зголемиме нашето влијание и да станеме силен фактор за регионалната стабилност и соработка. Тоа ќе го направиме и преку присуството на главната команда на SEEBRIG во нашата земја, но и преку зголемување на нашето учество во НАТО операциите во регионот“, рече министерката Шекеринска и дополни дека е исклучително важно да продолжиме да инвестираме во регионалната стабилност.
Министерката Шекеринска истакна дека токму во Бригадата на Југоисточна Европа ги научивме чекорите за мултинационална соработка, за јакнење на тимскиот дух и професионализмот во одбраната.
Министерката им се заблагодари на сите припадници на Бригадата за нивниот придонес, како и на сегашниот и сите минати команданти на SEEBRIG. На досегашниот командант, романскиот бригаден генерал Тудорика Петраче, кој му ја предаде функцијата на бригадниот генерал Аристедеис Илиопулос, му се заблагодари, како што рече, за видливата енергија, сила и оптимизам со кои ја водел Бригадата минатите години. На генералот Илиопулос му порача дека и во Министерството и во сите институции во земјата има партнер поддржувач.
„Јас сум уверена дека SEEBRIG беше создаден за сите ние да можеме да се разбереме подобро и да не се плашиме едни од други и веруваме дека ние ги надминавме тие препреки. SEEBRIG стоеше цврсто низ тешки времиња изминатите 21 година, како мост на разбирање и соработка помеѓу шест земји – Северна Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Романија и Турција, и во тоа е неговата големина, тоа ја зголемува неговата улога во регионалната соработка“, заклучи министерката Шекеринска.





На свеченоста се обрати и претседавачот на процесот СЕДМ, Петро Кочи, кој ѝ се заблагодари на државата за преземените напори и услови за преземањето на Командата. Тој истакна дека Бригадата промовира регионална стабилност и соработка која се потврдува низ повеќегодишното функционирање. Потоа се изврши примопредавање на должноста командант на Бригадата помеѓу досегашниот командант, бригаден генерал Тудорика Петраче и бригадниот генерал, Аристедеис Илиополус.
Досегашниот командант на Бригадата, генералот Петраче, ѝ честиташе на нашата земја за приемот во НАТО и изрази задоволство од подготовката на новата локација за командата на SEEBRIG во Куманово.
Новоназначениот командант на Бригадата, бригадниот генерал Илиопулос, порача дека SEEBRIG пред 21 година беше креирана со цел да придонесе кон регионалната стабилност и безбедност, како и да ги унапреди добрососедските односи помеѓу земјите членки. Тој ѝ се заблагодари на нашата земја како на земја домаќин на Командата за досегашната поддршка и ефикасната адаптација во новата работна средина.
Откако беше извршено примопредавање на должноста командант на СЕЕБРИГ, претседателот Пендаровски, заедно со претседателот на Владата, Оливер Спасовски, министерката за одбрана Радмила Шеќеринска и претседавачот со Координативниот комитет на процесот СЕДМ, Петро Кочи, свечено го отвори реновираниот и опремен објект во касарната „Боро Менков“, што ќе биде седиште на Главниот штаб на Бригадата до 2026 година.

Кристина Илиевска



# Координација во воздушниот простор

Комитетот за координација на европскиот воздушен простор бил одговорен да обезбеди целосна координинација на сите барања за потребите на цивилен и воен воздушен простор како и изведување на големи воздушни вежби, хармонизација на системите и процедурите за контрола на воздушниот сообраќај со споделување на фреквенциите за комуникација. На комитетот исто така му помагале претставници од Меѓународната организација за цивилно воздухопловство, Меѓународното здружение за воздушен транспорт и Европската организација за безбедност на воздушната пловидба (EUROCONTROL). Во тие години бранувањата во цивилниот воздушен сообраќај и доцнењата предизвикани од недоволниот капацитет на контролата на летање и аеродромските структури да се справат со сообраќајот во ударните термини во многу делови на Европа, ја засилило потребата од поефективна координација помеѓу цивилните и воените власти со цел да се овозможи подеднакво користење на воздушниот простор од страна на сите учесници. Затоа од 1991 година периодично се одржуваат состаноци за цивилна/воена координација на раководењето

> Во текот на 1955 година Северноатлантскиот совет го основал Комитетот за координација на европскиот воздушен простор. Многу подоцна, во 1998 година, тој бил реформиран како Комитет на НАТО за раководење на воздушниот сообраќај

со воздушниот сообраќај со учество на членките на НАТО и на други европски земји на високо ниво. Комитетот бил етаблиран како единствен форум за координација помеѓу цивилните и воените корисници на целиот воздушен простор над континентална Европа, познат како Конференција на европското цивилно воздухопловство. Била предвидена соработка и во однос на воздушната безбедност, раководењето и контролата на воздушниот простор во контекст на односите помеѓу НАТО и Русија, партнерството на НАТО со Украина и иницијативата за Југоисточна Европа. Денеска постои Комитет за воздухопловство во НАТО, значајно високо цивилно-воено тело на НАТО, кое ги советува Северноатлантскиот совет за сите релевантни аспекти кои придонесуваат за безбедноста на воздухопловството, поддршката на целиот спектар мисии на НАТО, координација за пристап во воздушниот простор, пловидбеност, интеграција на беспилотни авионски системи, евалуација на сајбер одбраната и други потенцијални закани за безбедноста на системот за воздухопловство. Оваа комисија е активна во доменот на модернизацијата, обуката и извежбувањето во се покомплексни воздушни простори. Соработува со: Меѓународната организација за цивилна авијација (ICAO), Меѓународната асоцијација за воздушен сообраќај (ИАТА), Евроконтрол, Европската комисија, Европската агенција за одбрана, Европската агенција за воздухопловна безбедност (EASA) и Американската федерална воздухопловна администрација (FAA). Треба да се истакне и порано формираниот Комитет на НАТО за воздушна одбрана, одговорен за советување на Северноатлантскиот совет и Комитетот за планирање на одбраната по сите аспекти на воздушната одбрана. Овој комитет им овозможувал на земјите членки да ги хармонизираат своите напори со меѓународните планирања

кои се однесуваат на воздушната команда и контрола, како и на оружјето за воздушна одбрана. Прашањето за формирање на ова тело потекнува оо 1994 година со дијалог помеѓу земјите партнери под покровителство на Северноатлантскиот совет за соработка. Ефикасна воздушна одбрана е основата за безбедноста на Алијансата. Се обезбедува преку сложен систем кој овозможува откривање на воздухоплови и тактички проектили, следење и пресретнување од страна на поморските или копнените вооружени системи или од авионите пресретнувачи.
Денеска оваа улога припаѓа на Комитетот за воздушна и противракетна одбрана, важно советодавно и координативно тело во однос на сите аспекти на интегрирана воздушна и ракетна одбрана на НАТО со воздушно командување и контрола. Ја поддржува работата на Алијансата за основање на ракетни одбранбени капацитети, вклучувајќи и балистички проектили за одбрана на НАТО од сите аспекти на интегрирана воздушна и ракетна одбрана.

Европската организација за безбедност на воздушната навигација, попозната како EUROCONTROL, е меѓународна организација која работи на постигнување на безбедно и непречено управување со воздушниот сообраќај низ цела Европа. Таа е основана во 1960 година и моментално има 41 земја членка со седиште во Брисел, Белгија. (Нашата држава е членка од 1998 година).



## Европската организација за безбедност на воздушната пловидба (EUROCONTROL)

Европската организација за безбедност на воздушната навигација, попозната како EUROCONTROL е меѓународна организација која работи на постигнување на безбедно и непречено управување со воздушниот сообраќај низ цела Европа. Таа е основана во 1960 година и моментално има 41 земја членка со седиште во Брисел, Белгија (нашата држава е членка од 1998 година). Постојат нејзини истурени места како што се: Институтот за обука за воздушна навигација во Франција, Центарот за обука во Луксембург и Центарот за контрола на повисоката област на воздушниот простор во Холандија. Организацијата вработува околу две илјади луѓе и работи со годишен буџет од над половина милијарда евра.
Конвенцијата на EUROCONTROL била потпишана во 1960 година и била ратификувана во 1963 година. Пред да стапи на сила веќе имало индиции дека прашањето за националниот суверенитет ќе го комплицира целосното спроведување на основачката мисија на организацијата. Првиот европски план за хармонизиран систем за контрола на воздушниот сообраќај бил одбиен од страна на Франција и Велика Британија, главно од причини тесно поврзани со националната воена контрола на воздушниот простор. Другите четири членки (Сојузна Република Германија, Белгија, Холандија и Луксембург) во 1964 година се согласиле да формираат единствен меѓународен центар за контрола на летање и за управување со повисокиот воздушен простор со центар во Мастрихт, Холандија. Европскиот парламент во тоа време изразил загриженост за недостаток на јасни меѓувладини договори за обезбедување заеднички услуги за контрола на летање низ целиот континент. Поради тоа, во 1979 година, организацијата потпишала договор за соработка со Европската комисија.
Ревидирана Конвенција на EUROCONTROL била потпишана во 1997 година, со што се обновил оптимизмот на организацијата за поголема политичка поддршка, надминувајќи ја оригиналната визија на Конвенцијата од 1960 година. Во јуни 1998 година, EUROCONTROL, Европската вселенска агенција и Европската комисија, исто така потпишле договор за формализирање на соработката во областа на сателитските навигациски системи и услуги. Така, Европската комисија до Европскиот парламент го претставила својот план за единствено европско небо, а овие активности довеле до формирање на Европската агенција за безбедност во воздухопловството. Иако EUROCONTROL не е агенција на Европската унија, ЕУ делегирала делови од своите регулативи на организацијата за т.н. „Single European Sky“, што ја прави централна организација за координација и планирање на контролата на летање за цела Европа. Самата Европската унија е потписник на EUROCONTROL и сите земји-членки на Унијата, исто така, се членки на оганизацијата. Организацијата работи со националните власти, со даватели на услугите за воздушна навигација, како и со аеродромите, граѓанските и воените корисници на воздушниот простор. Нејзините активности ги вклучуваат сите операции на услуги за воздушна навигација од стратешко и тактичко управување со протокот, обука на контролорите, регионална контрола на воздушниот простор, технологии и процедури заштитени со безбедност и собирање на приливи од воздушната навигација.
Како последен чекор на заокружување на овој процес било потпишувањето на Меморандумот за соработка во мај 2003 година помеѓу EUROCONTROL и НАТО. Денес тие се согласуваат и заедно соработуваат за подобрување на ефикасноста на летовите, капацитетот на воздушниот простор и ефикасноста на воените мисии, притоа водејќи сметка за соодветна рамнотежа помеѓу економските потреби и безбедносните и одбранбените барања, кои произлегуваат од борбените авиони од 5-тата генерација. При посетата на EUROCONTROL од страна на генералниот секретар на НАТО во текот на 2019 година, била реафирмирана тесната соработка помеѓу двете организации воспоставена со Меморандумот за соработка од 2003 година.

Драган Павловски



# Армиите на земјите на „Партнерство за мир“

# Грузија

Претседателот на Грузија е врховен командант на одбранбените сили на Грузија. Основни мисии на грузиските одбранбени сили се заштита на независноста, на територијалниот интегритет и исполнување на меѓународните договори. Задачи кои ги исполнува се: одржување на борбената готовност на високо ниво, реализација на политичките одлуки на грузиската влада, утврдување на реалните закани по безбедноста на државата, развој на структурата на силите на одбранбените сили и реализација на воена соработка во согласност со меѓународните договори.

Вооружените сили, со активен состав од 26.000, се организирани според следното:

Генералштаб на одбранбените сили, под чија директна команда се: Команда на копнени сили „Исток“, составена од

Грузија е земја во Задкавкаскиот регион, на источните брегови на Црното Море. На север и североисток граничи со Русија, на исток и југоисток со Азербејџан, на југ со Ерменија и Турција, а на запад со Црното Море. Таа е унитарна повеќепартиска република со парламент како законодавен дом. Се простира на околу 69.700км2 со помалку од 5 милиони жители.







Грузија придонесува со свои сили во операции предводени од НАТО, и тоа во KFOR учествува од 1999 до 2008 г. со чета во состав на германскиот контингент и со пешадиски вод во состав на турски баталјон. Беше еден од најголемите контрибутори од земјите кои не се членки на НАТО, во операцијата ISAF во Авганистан до 2014 г., а учествува и сега во мисијата Resolute Support со обезбедување транзит на силите стационирани во Авганистан. Учествува и во операцијата Active Endeavour во Медитеранот, првенствено со размена на разузнавачки информации

4 бригади – пешадиска, механизирана, артилериска и инженериска; Команда на копнени сили „Запад“, составена од 3 бригади – 2 пешадиски и артилериска, инженериски баталјон и медицински центар; команда за авијација и противвоздушна одбрана (ПВО), под чија команда има: комбиниран винг, бригада за ПВО и воздухопловен оперативен центар; команда на специјални сили со баталјон за специјални операции, ренџерски баталјон, чета за поморски специјални операции, логистички баталјон и тренинг центар за специјални операции; команда на националната гарда, составена од: две пешадиски бригади, логистичка чета, чета за воени почести, воен оркестар и центар за обука; команда за логистичка поддршка, во чиј состав се: елементи за одржување и за транспорт, два логистички центри за поддршка и топографска служба; команда за обука; единица на воената полиција; оддел за воено разузнавање.

Националната академија за одбрана датира од 1862 г. со формирање на првата воена школа во Тбилиси. Во нејзин состав се: воена академија, командно-штабен колеџ, школа за подофицери и центар за странски јазици.

Бирото за сајбер-безбедноста е надлежно за воспоставување и за одржување стабилни, ефикасни и безбедни системи за информатичка и комуникациска технологија за потребите на министерството за одбрана и одбранбените сили на Грузија.

## Одбранбени прашања

Грузија за буџетот на одбраната за 2020 г. издвоила сума од околу 312 милиони долари, што претставува околу 2% од бруто-домашниот производ. Со плановите за развој на одбранбените сили се одредени насоки за активности: продолжување на структурната реорганизација, со цел доградување флексибилни, мобилни и НАТО интероперабилни вооружени сили; поддршка од страна на Генералштабот во одржувањето на борбената готовност на одредени специјализирани состави; ажурирање на концептот за командување и контрола на одбранбените сили; ревидирање на концептот за резервни сили; формирање резервен состав на армијата, територијални резерви и резервен состав на специјалисти во одредени области; реализација на обука на резервниот состав; подобрување на системот за командување и контрола на оперативните команди; развој на системот на доктрини и научени лекции; формирање и развој на капацитети за обука со цел непречено одржување на потребното ниво на борбената готовност на тактичките единици; подобрување на логистичките капацитети и развој на нов логистички концепт.

## Грузија и НАТО

Грузија остварува интензивна соработка со НАТО, со интенција да стане нејзина полноправна членка. Активно придонесува во операциите за поддршка на мирот предводени од НАТО и соработува со земјите-сојузници и со земјите-партнери во многу други области. Ваквата соработка започнала во 1992 г. со приклучување на Грузија кон Северноатлантскиот совет за соработка (NACC), форум за дијалог кој во 1997 г. бил преименуван во Евроатлантски партнерски совет (EAPC). Во 1994 г. се приклучила кон програмата „Партнерство за мир“ (PfP) и од 1996 активно учествува во обуките и вежбите во ваков формат. Својот стремеж за полноправно членство во НАТО за првпат го изразила на НАТО самитот во Прага 2002 година. Во 2004 г. стана првиот НАТО партнер кој изработи Индивидуален партнерски акционен план (IPAP), со преземање конкретни обврски. Во 2008 г. овој план бил заменет со Годишна национална програма (ANP). Во 2005г. бил распореден и првиот НАТО офицер за врски со Грузија. На НАТО самитот во Букурешт во 2008 г., Алијансата дала согласност Грузија да стане нејзина полноправна членка по исполнување на одредени критериуми. Била формирана и Комисија НАТО – Грузија (NGC), со потпишување Меморандум за разбирање. Во 2010 г. била формирана и НАТО канцеларијата за врски, со цел поддршка на реформите кои се спроведуваат во земјата и реализација на програмата за соработка со НАТО. Ваквата соработка се одвива во неколку области:

Градење способности и интероперабилност. Со учество во процесот на планирање и ревизија (PARP) од 1999 г. започнал развојот

на способности и капацитети на грузиските одбранбени сили за учество во активности заедно со армиите на НАТО. Со реализација на Програмата за подобрување на воеността образование (DEEP) од 2009 г. започнала помошта во подобрување на образованието и обуката кои се од суштинско значење за грузиските реформи во одбраната, со фокус на активностите на Националниот одбранбен универзитет и Воената академија, како и поддршка на Центарот за обука на полициски службеници.
Со Програмата за професионален развој на цивилниот персонал (PDP) од 2009 г. започнало доградувањето на капацитети за демократско управување и надзор на одбраната и институциите во безбедносниот сектор. Планот за воена соработка на Воениот комитет на НАТО со Грузија е фокусиран на поддршка и спроведување на воената и одбранбената соработка, реформите за стратегиско планирање во одбраната и зголемување на интероперабилноста за распоредливост во операции предводени



од НАТО. Школата за градење одбранбени институции (DIBS) е една од 13-те иницијативи од НАТО–Грузија пакетот – Програма за градење капацитети (SNGP), одобрен од НАТО на Самитот во Велс во септември 2014 година. Заедничкиот Центар за обука и евалуација во Грузија е домаќин на симулирани и практични вежби и сертифицирање на единици од сојузничките и партнерските армии за учество во мисии. Од 2014 г., во рамките на Иницијативата за партнерска интероперабилност, Грузија учествува во Платформата за интероперабилност, иницијатива во која активно учество со НАТО армиите земаат и 24 партнерски земји-активни учесници во операции предводени од НАТО. Грузиските одбранбени сили од 2015 г. учествуваат и во НАТО силите за одговор (NRF) со една пешадиска чета.

## Модернизација на армијата

Со Програмата за оддржување и развој на одбраната се опфатени следните проекти за модернизација на вооружувањето, опремата и системите. Главната ударна моќ на грузиските воени сили се содржани во пешадиските, оклопите и механизираните единици.
За подобрување на овие способности е потребно опремување на пешадиските бригади со капацитети за ефективно движење и маневрирање на единиците по секаков терен. Ова вклучува набавка на камиони со висока мобилност, оклопни транспортери, пешадиски борбени возила, пешадиско вооружување, митралези, минофрлачи и средства за ноќно набљудување. При заштитата на воздушниот простор на Грузија, неопходно е капацитетите за ПВО да бидат соодветно опремени, со цел да ги исполнат зададените задачи. Затоа, во тек е развој на унифициран систем за ПВО преку модернизација на постоечката и набавка на нова современа високотехнолошка опрема. Би се постигнала компатибилност со НАТО командите, комуникациските системи, системите за рано предупредување (радиолокациони станици, информациски сензори и ракетни системи).
Истовремено, ПВО се развива и со систематски интегрирани и дополнителни радиоелектронски борбени способности и со системи за детектирање и со органски или автономни симулатори. Покрај тоа, копнените маневарските единици би се потпирале на сопствени рачни преносни ПВО системи со краток дострел, за сопствена заштита од напад од воздух и од непријателски беспилотни летала. Противтенковските системи би биле приспособени на конкретните услови на теренот и би обезбедувале поголеми можности за дејствување против непријателски оклопни капацитети. Фокусот е даден на преносливи системи и на системи со среден и долг дострел. Набавката на вакви системи би се остварила со набавка на повеќегодишен период, сè до опремување на единиците со доволни количини на современи противоклопни системи.
Во процедура е опремување на борбените единици со инженериски средства за намалување на непријателските мобилни способности. Тежиштето е на набавка на капацитети за брзо подигнување пречки и бариери кои оневозможуваат слобода на маневрирање на непријателот, особено на неговите механизирани и тенковски единици. Потврдено е дека е неопходна набавка на артилериски орудија со кои би се зголемила огнената моќ на борбените единици и на единиците за борбена поддршка. Фокусот е даден на калибарот, опсегот, ефикасноста и огнената моќ. Од суштинско значење е модернизацијата на системите за огнена поддршка и артилериско-разузнавачката опрема. Истовремено се врши и споредба на влечните и самоодните артилериски системи. Во моментов способностите на грузиската армија за разузнавање, набљудување и извидување се ограничени. Од тој аспект, во план е опремување на армијата со модерни беспилотни летала, со цел поефикасно извидување и надзор на бојното поле, како и современа комуникациска опрема (со способности за дигитална и електронска разузнавачка комуникација), како и набљудувачки радари.
Веќе е започнат процесот на модернизирање на Министерството за одбрана и армијата со современи комуникациски и информациски системи и развој на мрежата.
Воедно, се зголемуваат и напорите за подобрување на поврзаноста, еластичноста и безбедноста на ваквите системи. Се подобрува и заштитата од сајбер-напади. И покрај фактот што во догледно време воздухопловните капацитети на грузиските одбранбени сили останувaат ограничени, тие, засега, имаат доволно способности за воздушен транспорт на единици и на материјални средства, за медицинска евакуација на повредени лица, како и за операции за барање и спасување. Приоритет се дава на надградба на хеликоптерите и на нивното доопремување со ракети „воздух-земја“.

М.С.





# Невена Георгиева-Дуња

Невена Георгиева-Дуња била родена на 22 јули во 1925 година во Скопје. Произлегува од сиромашна фамилија. Го изучила шијачкиот занает. Уште како петнаесетгодишна младинка се вклучила во напредното младинско движење. Во 1941 година била примена во СКОЈ. Невена била вклучена во една воспитна читачка група каде што ја проучувала марксистичката литература и се запознала со борбата и целите на работничкото движење во светот и во тогашна Југославија. Била активна во шивачката подружница на синдикатот во Скопје. По капитулацијата на Југославија во 1941 година, Невена исполнувала разни задачи за СКОЈ и за партизанската организација. Таа била мошне активна во растурањето летоци преку кои се разобличувале бугарските окупатори како поробувачи и непријатели на македонскиот народ. Учествувала и во собирањето оружје за вооружената борба против окупаторите. Летото 1941 година Невена Георгиева или, позната под партизанското име како Дуња, станала борец на партизанскиот Скопски одред. Таа е меѓу првите 12 борци кои влегуваат во Првиот скопски партизански одред формиран на 22 август. Во пресрет на зимата и по почетните порази во пресметките на прилепскиот и кумановските одреди со окупаторот, била донесена одлука за привремено расформирање на одредот на 2 ноември 1941 година,

Невена Георгиева-Дуња била припадничка на младинското синдикално и работничко движење меѓу двете светски војни и на 16 година била најмладата партизанка во Првиот скопски партизански одред формиран летото 1941 година и прва жена партизанка во партизанските одреди на Македонија

што било извршено кај село Злокуќани, притоа шестмина борци од Скопскиот партизански одред илегално се префрлиле во Велес, со намера да се приклучат на Прилепскиот партизански одред. Во групата биле: Васил Антевски-Дрен, Благоја Давков, Боро Боцевски, Даме Крапчев, Боро Ончев и Невена Георгиева-Дуња. Меѓутоа, поради отежнатите зимски услови и одлуката на ПК КПЈ за Македонија за расформирање на одредот, наместо кон Прилепско за да се придружи на Првиот прилепски партизански одред „Гоце Делчев“, Невена Георгиева-Дуња по добивањето на илегалната задача во ноември заминала за Струмица, со цел да го избегне апсењето од бугарските окупатори. Таму престојувала зимата 1941/1942 година и помагала во подготовките за излегувањето на Струмичкиот партизански одред во летото 1942 година. Во летото 1942 година преминала на велешки терен и станала борец на Велешкиот партизански одред „Димитар Влахов“. Како борец на одредот, Невена учествувала во сите негови акции против окупаторските власти во селата на Азот и по текот на реката Бабуна. Во септември 1942 година, Невена учествувала во нападите на одредот на железничката станица Клајман и на селата Чашка, Десово и други населени места.По учеството во повеќе успешни акции на одредот, при еден судир со бугарските контрачетници на 16 декември 1942 година кај селото Нежилово, откако тешко ја раниле, за да го заплашат народот ѝ ја отсекле главата, ја набиле на кол и така ја шетале низ велешките села. Во Велес, пак, нејзината глава била ставена во еден централен излог.

Невена Георгиева-Дуња загинала на само 17 години. Таа ја сакала својата татковина и за нејзината слобода го положила својот млад живот. Во нејзина чест две основни училишта, во Кисела Вода и во село Нежилово го носат нејзиното име. Исто така, еден од студентските домови во Скопје го носи нејзиното име. Во паркот „Жена-борец“ во Скопје има спомен-обележје посветено на Невена Георгиева-Дуња. Во чест на Невена Георгиева-Дуња се испеани неколку песни од НОВ, меѓу кои се и песните „По поле одат аргати“ и „Пуста останала таа контрачета“

Антоанела Димитриевска



# Киро Хаџи-Арсов

## Потсетување на еден заборавен пилотски подвиг

Само десетина години по првиот лет на браќата Рајт, во Америка 1903 г., и на овие простори можеле да се видат првите авиони. Во текот на 1912 г. е воспоставен првиот авионски воен поштенски мост меѓу командата во Нови Сад (Србија) и Скопје. Подоцна, во текот на дваесеттите години на минатиот век, вниманието на овдешните граѓани го привлекувале големиот број аеромитинзи на кои имале можност и од близу да ги видат „вистинските" аероплани, како што ги нарекувале тогаш. И не само тоа... паметеле граѓаните и за можноста кога со билетот за следење на аеромитингот да купат и билет за т.н воздушно крштевање што, всушност, значело прво возење или летање со авион. Таков аеромитинг е одржан и во Штип во текот на 1927 г., каде биле прикажани голем број пилотски вештини, но уште поголем број „воздушни крштевања". За прв пат летале селани, занаетчии, еснафи, младинци, членови на штипскиот аероклуб и многу други. Сите овие аероплански манифестации делумно се заборавиле, делумно останале во колективната меморија, а најмал дел останале документирани или

Во редот на „приказните" за пилотите за кои малку се пишувало во медиумите, посебно е значајна онаа за Киро Хаџи-Арсов, кој како воен пилот учествувал во извлекувањето на кралското богатство од тогашната држава



фотографирани. Ретко се паметат дури и имињата на македонските пилоти кои биле активни уште во периодот на некогашното Југословенско Кралство, а останале лојални граѓани сè до осамостојувањето на оваа наша држава. Еден од нив е и штипјанецот Киро Хаџи-Арсов за кого се поврзани многу приказни. Можеби вистински, делумно вистински или, пак, целосно невистински. Но, највистинското е што ветриштата на историјата, во најголем дел, ги сокриле или целосно ги избришале овие приказни. Можеби ваквите написи можат да разбудат нечии сеќавања или да извадат некое старо писмо или пожолтена фотографија.

Киро Хаџи-Арсов, по завршувањето на подофицерската школа, се запишал на Вишата воздухопловна академија во Загреб, во далечната 1935 година. Со завршувањето на Академијата добил чин потпоручник, но уште поважно, добил „сопствени крила", крила на авионите со кои сам ќе управува. Од тој момент Хаџи-Арсов е активен пилот на Военото воздухопловство на тогашната Кралска Југославија, со служба во Хрватска. Се остварил сонот на Киро да другарува со небеските височини и да ги

буди спомените на првиот аеромитинг во Штип. Познато е дека летал на авиони од типот „Бикер Јунгман“, „Поликарпов По 2“ и други. Но, мирниот сон го нарушуваат татнежот на бомбите и мирисот на барутот кои го означувале почетокот на Втората светска војна. Шести април 1941 година. Круната на тогашното кралство била потресена. Потресено било населението, а војската и воените авиони се нашле на стратешките позиции, а над нив најчесто демнела смрт или уништување. Без поголем број од авионите, а со помош на сојузниците во борбата против фашизмот, многу пилоти биле преземени од тогашната држава и пренесени кон нивни бази во Египет (Каиро) или Либија (Бенгази), во Северна Африка. Еден мал дел од пилотите биле пренесувани со авиони, а преостанатиот дел со железнички транспорт и бродови. Таму тие повторно биле ангажирани како воен воздухопловен кадар, но во согласност со наредбите на интернираната југословенска команда, која функционирала во соработка со британските сојузнички воени сили. Набргу потоа се губат трагите на Киро Хаџи-Арсов, завршува Втората светска војна и тој се враќа во родниот Штип. Во редот на „приказните“ кои се напишани во медиумите и последниве неколку години, посебно е значајна онаа во која Киро Хаџи-Арсов, како воен пилот учествувал во извлекувањето на кралското богатство од тогашната држава.  Имено, дури 1 тон кралско злато на Караѓорѓевиќ, кое при бегството на кралското семејство не успеало да го понесе со себе при почетокот на Втората светска војна, натоварено во два авиона во 1942 г., го пренеле во Италија двајцата македонски пилоти, Киро Хаџи-Арсов и Тодор Михајлов. Двата авиона слетале во италијанскиот град Бари каде златото било преземено од други два авиони, а Хаџи-Арсов и Михајлов добиле нова задача. Тие требало да учествуваат во авионапади во Египет, на 75 км западно од Александрија.

Извесен период по војната Киро Хаџи-Арсов го поминува во својот дом во Штип, без дружења и појавување во јавноста, а потоа повторно се појавува на појдовното место. Се активира во аероклубските активности и во активностите на воздухопловната школа при аероклубот во Штип. Со таквиот свој ангажман и почитувањето кое го имал од членовите, во текот на 1951 г. Киро Хаџи-Арсов е избран за претседател на овој аероклуб. Од таа позиција тој ја иницира работата на првата воздухопловна база на аеродромот Сушево крај Штип.

Со новиот ентузијазам и севкупните активности на аероклубот, Киро останува да биде активен член во сите негови раководни органи и тела, сѐ до крајот на  животот, но никогаш не раскажа ниедно свое животно искуство од времето на Втората светска војна, или, поточно, „приказната“ пренесена во овој текст. Самиот споменуваше дека летачките искуства на авионите „Бикер Јунгман“ и „По – 2“, кои се користеле и во аероклубовите, биле негово уживање во летањето. Покрај нив ги споменуваше и воените авиони од типот „Јак“, „ИК“, како и „Спитфајер“, кој бил најпознат британски ловечки авион во тоа време.

За својата активна улога во цивилното и воено воздухопловство, Киро Хаџи-Арсов е добитник на многубројни ордени и признанија, а со тоа, со право, се смета дека е дел од клупската, македонската и некогашната југословенска воена историја. Замина тивко, исто онолку колку што тивко се појави и после завршувањето на Втората светска војна. Замина без да ги раскаже своите историски животни приказни и без да ги збогати нашите сознанија и архиви.  Во штипскиот архив и музеј се сочувани само мал број фотографии и сведоштва.



Ѓорги Чачкиров

## Авион „Бикер Јунгман“

Оригиналното име на авионот е „Bücker Bü 131 Jungmann“ а негов конструктор бил шведскиот инжинер Андерс Андерсон. Тоа бил двокрилен едномоторен авион со две седишта и фиксиран подвоз. Го движел еден четирицилиндричен мотор од типот „НМ 504“ со моќност од 100 КС. Авионот бил наменет за основна обука на пилоти и за обука во акробации. Прототипот на овој авион е изработен во Германија, а за прв пат полетал 1934 година. Сериското производство започнало во текот на 1935 г. Од тогаш, само во Германија се произведени над 3.000 примероци, а со оние произведени според одобрена лиценца во други држави, произведени се над 5.000 примероци. Како авион за обука и акробации се користел во повеќе од 20 држави. Военото воздухопловство на Кралска Југославија во периодот од 1939 – 1940 г. купило 50 авиони од овој тип. Подоцна, во периодот од 1940 – 1941 г. по лиценца се монтирани уште 98 авиони во фабриката „Утва“ од Панчево (Србија). Од вкупниот број, 30 авиони биле распоредени во военото воздухопловство како помошни авиони, а преостанатите биле распоредени во воздухопловни школи и аероклубови. Овој тип на авион се произведувал до 1945 г., а во некои земји се користел до 1968 година. Во Македонија овој авион се користел до почетокот на шеесеттите години на 20 век, кога од Битола е прелетан во Скопје. Основни карактеристики на авионот: Должина – 6.62 м, растојание на крилата – 7.4 м, површина на крилата – 13.5 м2, тежина на празен авион – 380 кг, максимална тежина за полетување – 670 кг,  максимална брзина во лет – 183 км/ч, крстаречка брзина – 170 км/час, најдолг долет – 650 км, а максимална височина на летање му била 4.000 метри.






# САД во борбата против тероризмот – 19 години по 11 септември

Стратегијата за борба против тероризмот на САД денес се фокусира на справување со милитантните исламистички терористички закани, запирање на приливот на странските терористички борци и борбата против ширењето на радикализацијата. ЕУ и САД се клучни партнери во борбата против тероризмот, а посебно преку НАТО алијансата. Набргу по нападите, американската администрација ја формираше Националната комисија за терористички напади врз САД (попозната како Комисија за 9/11), чија задача беше да подготви целосен извештај за нападите, вклучувајќи и анализа за подготвеноста за непосреден одговор на терористичките напади. Во јули 2004 г., Комисијата го објави својот извештај во кој беа опфатени 41 конкретни препораки за заштита од идните напади. Следната година беа направени повеќе од 130 законски измени поврзани со нападите од 11 септември. Една од најзначајните законски измени за зачувување на животот и слободата е донесувањето на Патриотскиот акт-закон. Овој закон ја олесни размената на информации и соработката помеѓу владините безбедносни агенции. Исто така, овозможи користење на надзор и други средства за истражување на активности поврзани со тероризмот, организираниот криминал и трговијата со дрога. Во текот на 2005, 2009 и 2011 г., одредбите од овој закон повторно се одобруваа, а со Законот за слобода од 2015, донесен од страна на администрацијата на претседателот Обама, се ограничи програмата на собирање податоци – програма којашто беше најкритикувана поради методите за следење воведени во рамките на Патриотскиот акт. Во 2002 е основан Одделот за домашна безбедност преку кој беа интегрирани 22 федерални одделенија во еден кабинет на Стејт департментот. Препораките од 2007 за спроведување на заклучоците од Комисијата за 11 септември на Одделот за домашна безбедност му овозможија широк спектар на делување, вклучувајќи контрола и безбедноста на товар, безбедност на транспорт, заштита на критична инфраструктура, заштита на администрацијата и разузнавање и размена на информации. Одделот за домашна безбедност е трет оддел по големина, со над 240 000 вработени и со буџет од 44,1 милијарди американски долари за фискалната 2018 г.. Во 2004 беше донесен актот за реформи во разузнавачката заедница и превенција од тероризам. Овие реформи се сметаат за највлијателни, по донесувањето на актот за национална безбедност од 1947 г.. Најважна промена беше воспоставувањето на нова позиција – директор на националното разузнавање (DNI), како главен во целокупната разузнавачка заедница. Исто така, тој е главен советник на претседателот за разузнавање и национална безбедност. Формирана е и Канцеларија на Директорот на националното разузнавање, а во нејзини рамки спаѓа и Националниот центар за борба против тероризмот. Тој претставува централна база на информации за осомничени терористи и служи за координација и следење на активностите на сите владини агенции во борбата против тероризмот. Исто така, тука се разменуваат домашните и странските разузнавачки информации. Во 2011 г., Министерството за правда објави сеопфатен преглед на структурните и законските реформи спроведени во САД од 2001. Извештајот ја истакнува централизацијата на антитерористичките и разузнавачките единици во рамките на агенциите за спроведување на законот. По нападите на 11 септември, повеќе од 260 владини организации биле




По терористичките напади на 11 септември, во агендата за национална безбедност на САД доминира борбата против тероризмот. Новата администрација, предводена од претседателот Доналд Трамп, ги продолжи овие напори со посебен акцент за ограничување на влез во САД и заострување на процесот за проверка на бегалците и имигрантите



реорганизирани или новоформирани, со фокус на прашањата поврзани со тероризмот и подобрување на процесите за споделување на информации. Ова претставува приоритет на разузнавачката и безбедносната заедница, се со цел отстранување на недостатоците во анализа на разузнавачките информации и способности и процесите за размена на информации. Зголемениот број на безбедносни – разузнавачки служби и оддели и огромниот обем на информации коишто ги произведуваат, дополнително ги комплицираат напорите за реформи во процесите на размена на информации. Посебен проблем е дуплирањето на напорите и неможноста да се процесираат и да се разгледаат многу од извештаите. Размената на информации и понатаму останува значителен предизвик за разузнавачките служби, која дополнително го отежнува спроведување на законот и заштитата на националната безбедност. Во јануари 2018 г. претседателот Доналд Трамп изјави дека САД се соочуваат со постојана закана од странски терористички мрежи и други надворешни актери. Според разузнавачката заедница на САД, како главна терористичка закана е наведена терористичката организација Исламска Држава, а поради нивното деградирање во Ирак и во Сирија и губење на контрола врз територијата, во пораст се индивидуални напади врз меки цели како хотели, туристички центри, концертни сали, јавни и културни настани надвор зоната на делување во Сирија и во Ирак. Денес заканата од терористички напади е поразлична од онаа на 11 септември. Спектарот на заканата, инспириран од милитантната исламистичка идеологија, денес е проширен и на извршители коишто немаат директна врска со терористичките организации кои би ги овозможиле нападите. Најголемата закана кон САД доаѓа од домашните насилни екстремисти – тоа се лица кои живеат на територијата на САД и се вклучени во подготовка, поддршка и извршување на идеолошки мотивирани терористички активности, лица коишто се вклучени во поддршка и унапредување на политичките или социјалните цели промовирани од одредена терористичка организација, лица коишто делуваат независно или со друго име се наречени „осамени волци“. Тие оперираат изолирано или во мали групи, а употребуваат едноставни тактики кои не бараат посебни напредни вештини или обуки и планираат напади на меки цели.

Администрација на САД, под водство на претседателот Трамп, објави серија документи кои обезбедуваат стратешки насоки за пристапот на САД кон националната безбедност и одбрана. Во декември 2017 г., претседателот Трамп објави нова Стратегија за национална безбедност во која џихадистичките терористички организации кои ја унапредуваат тоталитарната визија за глобален исламски калифат, „претставуваат најопасна терористичка закана за нацијата". Оваа фраза претставува дискурзивен премин од употребата на администрацијата на претседателот Обама на терминот „насилен екстремизам", кон терминот „џихадистички тероризам". Во јануари 2018 г. следеше Националната стратегија за одбрана, а во февруари беше објавен Прегледот на нуклеарната состојба на САД преку кој се утврдува каква треба да биде улогата на нуклеарното оружје во безбедносната стратегија на САД. Во јануари 2018 г., Секретарот за внатрешна безбедност на САД ги презентираше четирите приоритети во борбата против тероризмот. Првиот приоритет е спречување на терористички напади и справување со новите закани. Вториот приоритет е блокирање на




Од нападите на 11 септември па до денес, следењето и замрзнувањето на терористичките финансиски средства е еден од најважните столбови во борбата против тероризмот во САД. Со Патриотскиот акт, во голема мера беа зголемени способностите на Министерството за финансии да открива, да следи и да гони лица осомничени за перење пари и за финансирање на тероризмот

терористичките организации за пристап до САД преку построги проверки и построги скрининг мерки. Трета мерка е борбата против терористичката радикализација и регрутација и четврто, откривање и спречување на заканата од нејзиниот извор. Законот за подобрување на граничната безбедност, кој беше воведен во 2002 г., по нападите на 11 септември, имаше цел да ја подобри можноста за контрола врз странците кои сакаат да влезат на територијата на САД, да ја олесни размената на информации помеѓу безбедносните агенции и да ја подобри контролата за следење на имателите на визи. Тука се вклучени низа мерки, меѓу другото, и базата на податоци за терористички организации и поединци, строгите упатства за контрола на влез на патници и багаж и ограничувањата за патување во одредени земји, а исто така и мерки со кои се ограничува влезот на странски државјани. Во март 2017 г., од страна на претседателот Трамп беше издадена Наредба за заштита на нацијата за влез на терористи во САД, преку која во голема мерка беше подигнато основното ниво за проверка и скрининг на странски државјани, а со тоа беше подобрена способноста на владата да спречи влез на лица кои имаат непријателски намери кон САД. На меѓународно ниво, Одделот за домашна безбедност, во соработка со странски безбедносни служби, изработи и сподели методологија и аналитика за таргетирање, односно за заемно подобрување на способноста за идентификување на одредени лица кои претставуваат закана, како и спречување на влез на странските борци кои патуваат кон конфликтните зони во светот и кои се враќаат од таму. Во овој контекст, САД ги обврзува сите странски држави да соработуваат за размена на информации за проверка на имигрантите.

Во 2011 г., администрацијата на претседателот Обама ја усвои стратегијата за борба против радикализацијата и соодветниот план за стратешка имплементација. Вториот план беше ажуриран во октомври 2016 г.. Стратегијата се однесува на радикализација на сите видови потенцијални терористи во САД, но се фокусира на оние инспирирани од терористичката организација Ал Каеда. Посебен проблем за разузнавачката заедница и безбедносните агенции претставуваат виртуелните безбедни засолништа заштитени преку интернет, социјалните медиуми и употребата на шифрирани апликации. Во ноември 2017 беше формирана Канцеларијата за партнерство за спречување на тероризам, со приоритет на образованието и на свеста на заедницата за да им помогнат на луѓето да ги препознаат знаците на радикализација и сомнителното однесување. Ова вклучува јавна дисеминација на порталот за тероризам и екстремистички насилства во САД и профилите на бази на податоци за индивидуална радикализација преку Националниот конзорциум за проучување и одговорите на тероризмот.

САД има водечко место во меѓународната организација за борба против перење пари, основана во 1989 г., првично организирана за да се развијат и промовираат политики за борба против перењето пари. По нападите на 11 септември, оваа организација ги прошири своите надлежности во однос на идентификување на изворите и методите на финансирање на тероризмот и усвои девет посебни препораки за следење на средствата на терористите и финансирање на тероризмот. До неодамна, терористичката организација Исламска држава – ИД, беше опишувана како една од најдобро финансираните терористички организации. Затоа, сузбивањето на финансиските ресурси на ИД претставува значаен национален






безбедносен приоритет за креаторите на политиката на САД, но и на нивните сојузниците. Две од најважните организации во САД базирани на полето за размена на информации и борба против тероризмот се Здружените сили и Центрите за борба против тероризмот предводени од ФБИ. Овие Здружени сили ги фузираат специјалистите од федералните, државните и локалните агенции за спроведување на законот и разузнавачки служби во повеќе од 100 градови низ САД, со задача – истражување на тероризмот и активности поврзани со тероризмот и помош во истражната постапка во тековните активности на ФБИ во борбата против тероризмот. Центрите за борба против тероризмот функционираат како државни и поголеми урбани средини за прием, анализа, собирање и споделување на информации поврзани со заканата помеѓу федералните, државните, локалните, територијалните и партнерите од приватниот сектор.

Во октомври 2018 беше донесена Националната стратегија за борба против тероризмот на САД, која ги штити американските граѓани и интереси дома и во странство. Во оваа стратегија се нагласува новиот пристап за спречување и борба против тероризмот која се фокусира на: сузбивање на терористичката закана од нејзиниот извор, изолирање на терористите од нивните поддржувачи, модернизација и интегрирање на алатките за борба против тероризмот на САД, заштита на американската инфраструктура и подобрување на издржливоста во борбата против тероризмот, спречување на терористичката радикализација и регрутирање и јакнење на антитерористичките способности на САД со нивните меѓународни партнери. Сепак, во Стратегијата, САД се обврзува да ја прошири и да ја поттикне соработката и помошта со сојузниците во антитерористичките активности, што подразбира и ги вклучува членките на НАТО и нивните партнери. Оваа стратегија точно ги формулира заканите со кои се соочуваат САД денес и притоа обезбедува флексибилност и ефективен пристап против оваа адаптивна хибридна закана.

Јасно е дека постои континуирана потреба за справување со терористичките групи, но најголемите закани со кои во иднина ќе се соочува човештвото, очигледно нема да доаѓаат од милитантни групи како Ал Каеда или ИД, туку од климатските промени, пандемиите, ризиците коишто се појавуваат од новите технологии и од ширење на комбинација на националистички авторитаризам и тоталитаризам, што може да го трансформира начинот на живот во секоја земја. Очигледно е дека се потребни промени на начинот на кој размислуваме за националната безбедност и надворешната политика.

д-р Ненад Танески





# Воената доктрина на ЈНА Прв дел

Воената доктрина на Југословенската народна армија (ЈНА) е интересна за разгледување и проучување од повеќе причини. Тоа била војска која за релативно кратко време се развила од нула до респективна регионална сила со уникатна доктрина

Изминаа три децении од распадот на СФРЈ. Нејзината војска беше нераздел дел од државната стратегија и суштински зависеше од единството на југословенската заедница. Кога тоа единство се изгуби како резултат на многу фактори, воената доктрина на ЈНА преку ноќ стана нерелевантна за состојбата во која се затекна. Дури и од денешен аспект ЈНА била комплексен систем според начинот на кои биле организирани нејзината регрутација, активен и резервен состав, обука, систем за мобилизација, следење на трендови во вооружување и опрема, тактика, оператика и стратегија, инфраструктура со касарни, пристаништа и аеродроми, стратегиски распоредени складишта на цела територија, уредени позиции за одбрана на цела територија, школски центри, полигони за обука итн. Ако на ова се додаде и сопствена воена индустрија која произведувала се од копче до авион, ЈНА навистина била импресивна воена организација за





тие услови, во тоа време и во спрега со тогашните меѓународни односи и опкружување. Меѓутоа, неизбежното распаѓање на ЈНА се должело на распадот на самата држава. ЈНА била толку системски поврзана и зависна од сите свои делови, така што уште со откинување на првата република од федерацијата, престанала да функционира и да постои во својата оригинална замисла. Главна премиса на политичката идеологија на СФРЈ од каде што произлегувала и воената доктрина било дека социјализмот како општествено уредување треба да биде прифатен како светски систем и перспектива за развој на човештвото. Како главна закана за мирот било идентификувано неправедното и нерамномерното распоредување на богатството во светот, а со тоа поделба на богати и сиромашни. Политичкото убедување во СФРЈ било дека богатите во обид да станат уште побогати и да ги зачуваат привилегираните позиции во меѓународната арена свесно го дестабилизираат светот.

Со експлоатација на сиромашните земји преку светскиот пазар, богатите создавале нестабилност во односите меѓу нив и со тоа предизвикувале конфликти. Оттука во СФРЈ се сметало дека светот бил поделен на едни кои се борат за мир и прогрес и други кои се реакционерни и предизвикуваат војни. Тука спаѓале двата блока, но многу повеќе се критикувал западниот кој го претставувал капитализмот и колонијализмот. СФРЈ особено сочувствувала и ги подржувала државите во Африка, во Азија и во Јужна Америка, кои во периодот по Втората светска војна се бореле против колонијализмот. Незадоволството од експлоатација и нерамноправност ги принудувало сиромашните на револуционерна борба против колонијалните сили или западно ориентирани влади. Така, воената доктрина на ЈНА произлегла од гледиштето дека војната е првенствено класна борба меѓу сиромашните и богатите, каде првите водат праведна војна, додека вторите водат неправедна, империјалистичка и хегемонистичка војна. Во програмата на Сојузот на комунистите на Југославија било дефинирано дека „причините за војна се општествено-економските несогласувања и тие се директно одговорни за конфликтност меѓу класите, државите и народите“. Во светски размери тоа било спротивставување на социјалистичкото и капиталистичкото општествено уредување на државите каде „најреакционерните кругови на капитализмот и империјализмот постојано организираат агресивни планови против социјалистичките земји“. Стравот од западниот блок бил доминантен во стратегиските документи, но не била изоставена и можноста за агресија од источниот блок на чело со СССР. Ова било опишано како насилно наметнување на социјализам, а такви обиди имало низ Африка и Азија. Интервенцијата на СССР во Унгарија во 1956 година и Чехословачка во 1968 година биле сериозно сфатени во СФРЈ како можна закана од инвазија од исток. Се сметало дека единствен начин да се биде на страната на правдата и рамноправноста во меѓународните односи е да се остане надвор од двата спротивставени блока. Голем број на постколонијални држави се прогласиле за неврзани земји (движењето денес брои вкупно 120) како стратегија да се спротивстават на политички, воени и економски притисоци и потчинувања. Како неврзана земја, СФРЈ давала голема поддршка на арапските земји. Нешто кое денес е заборавено, а значително влијаело врз односот на Западот кон СФРЈ, е фактот што после Арапско-израелска војна во



1967 година, сè до распадот на СФРЈ, биле прекинати дипломатските односи со Израел. Надворешната политика на СФРЈ официјално се залагала за „повлекување на Израел од окупираните арапски територии, а на палестинскиот народ да му дозволи да го оствари своето право на самостоен и независен развој во својата држава“. Ова била стратегиска одлука со големи политички последици, бидејќи јасно заземала страна наспроти Израел кој бил поддржан од САД. Истовремено, арапските земји биле отворено поддржувани и вооружувани од СССР. Така, не било возможно да се биде апсолутно неврзан, а СФРЈ, во очите на Запад, сепак била гледана како дел од источниот свет. Ова влијаело врз одбранбената стратегија на земјата повеќе да се фокусира на агресијата од Запад отколку од Исток.
Воената наука во СФРЈ ги делела војните на праведни и неправедни. Менталниот склоп бил граден со бесконечно црпење на примери од Народноослободителната војна, стотици филмови и илјадници книги во кои Втората светска војна била конфликт меѓу доброто и лошото, каде што доброто победило. Седумдесет години подоцна, очигледно е дека Втората светска војна била многу покомплексна и оваа поделба на праведно-неправедно е давање на едноставен одговор на сложено прашање. Во големата слика, војната била меѓу сојузниците и СССР наспроти нацизмот, но во најмногу случаи во суштина биле збир на етнички и религиски конфликти. Во различни земји и региони, народите во рамки на Светската војна ги расчистувале своите стари сметки. Како трета причина може да се наведе борбата околу видот на



општествено уредување, бидејќи во средината на дваесетиот век популарна била комунистичката филозофија. Иако Народноослободителната војна била најмногу против странските окупациски сили, најголемиот број на човечки жртви се должел на меѓусебна борба по етничка и религиска основа. Етничко чистење, геноцид, масовно протерување и убивање на цивили било спроведено меѓу самите југословенски народи.
По Втората светска војна, во новата Југославија, ова не само што не можело да се сокрие, туку и се истакнувало како потсетување за раздорот меѓу југословенските народи. Ова воедно било идентификувано и како Ахилова петица на државата, затоа најчесто повторувана мантра на Тито била „чувајте ги братството и единството како зеницата на своето око“. Извршителите биле етикетирани како „домашни предавници“ или „внатрешни непријатели“. Меѓутоа, интензитетот на меѓусебното насилството бил толку голем што и после 40 години не можело да се заборави и тоа е главната причина за насилниот распад на СФРЈ.
Стратегијата на ЈНА ги делела војните на локални и светски, а во однос на вооружувањето кое можело да се употребува на конвенционални и нуклеарни. Интересно е што голем акцент бил посветен на можноста од употреба на нуклеарно, хемиско и биолошко оружје, веројатно следејќи го трендот на Студената војна. Големо внимание било посветено на родот АБХО, како и обука за функционирање на одбраната во услови на употреба на оружје за масовно уништување. Се ценело дека евентуалниот агресор ќе тежнее што е можно побрзо да ги постигне воените и политичките цели, користејќи молскавична војна со политика на свршен чин. Се очекувало НАТО или Варшавскиот пакт да употреби комбинација на воздухопловни сили и големи оклопни единици кои би заземале голем простор за кратко време. Стравот од оклопно механизираните единици бил особено насочен кон државите на Варшавскиот пакт кои заедно имале неколку пати повеќе тенкови и оклопни возила од НАТО.
Покрај директна, отворена конвенционална или нуклеарна војна, како посебен вид била земена предвид и специјалната војна. Свесни дека поевтино и полесно може да се постигнат целите на индиректен начин, специјалната војна била препознаена како закана за остварување на агресивни цели. СФРЈ и самата била вклучена во одредени специјални активности заради помагање на земји од третиот свет, се од школување на кадри на пријателски земји во Африка и во Азија, до воено асистирање со инструктори и помагање со вооружување и опрема. Специјалната војна била дефинирана како комбинација на политички, дипломатски, економски, културни и воени притисоци со помош на разузнавачко-субверзивни и психолошко-пропагандни активности и дејство на потенцијалниот „внатрешен непријател“. Посебно е важно да се нагласи дека термините „внатрешен непријател“ или „домашни предавници“ често се повторувале како главна закана за единството на земјата. Југословенските стратези биле апсолутно свесни дека целите на специјалната војна насочена против СФРЈ било да се предизвика национална и верска нетрпеливост која би поттикнала немири и кризи.
Во мултиетничка и мултирелигиска држава било очигледно дека најголема слабост на земјата биле односите меѓу националностите. Уште во 70-тите години, како многу веројатно сценарио било предвидено непријателско дејство, однатре помогнато со дејства од надвор.



Можна грешка на одбранбената стратегија било што како единствен фактор за да се зачува единството меѓу националностите се истакнувала заштитата на вредностите на општествено-политичкиот систем. Ова значело дека единството зависело исклучиво од еднопартискиот, социјалистички систем и немало план за трансформација во друг систем. Затоа воведување на плурализам и организирање на првите повеќепартиски избори во 1990 година предизвикало темелно уривање на концептот на тоа единство. Освен во Србија и Црна Гора, во останатите републики победиле партии формирани по етничка линија. Југословенскиот идентитет бил предизвикан од идентитетот на националистите, и со тоа пропаднала сета идеологија на братство и единство. Се предвидувало дека евентуална агресија врз СФРЈ може да има радикална или ограничена цел. Агресија со радикална цел подразбирало уривање на социјалистичкиот самоуправувачки систем, заземање на територија и политичко-економско потчинување на земјата. Поради двете интервенции на СССР во Унгарија и во Чехословачка, ова не била нереална закана. Геостратегиската положба на СФРЈ со излез на Јадранското Море би била од огромно значење за СССР доколку политичкото раководство се убедило државата да биде во Варшавскиот



пакт. За радикалната агресија да биде успешна, како сопствен центар на гравитација се сметал целиот систем на општонародна одбрана и вооружените сили. Агресија со ограничена цел подразбирало изолиран напад на СФРЈ, првенствено заради заземање на дел од територијата но и заради проверка на цврстината на општественополитичкото уредување, единството на народите и одбранбените способности. Доколку би наишол на неочекувно помал отпор, агресорот од ограничени би продолжил кон остварување на радикални цели. Во ваков вид агресија била предвидена намерата непријателот да добие помош однатре, но во официјалните стратегиски документи, преамбициозно било нагласено дека братството и единството, сепак нема да потклекне пред ова искушение.

Како трет вид агресија се сметала онаа која би настанала во склоп на евентуална Трета светска војна, каде големите сили би ја користеле територијата на СФРЈ во рамки на светското војувалиште. Некои аналитичари оделе до таму дека каква било агресија на СФРЈ можело да предизвика Трета светска војна, поради тоа што спротивниот блок би се впуштил во заштита на неврзаноста на земјата. Во такво сценарио СФРЈ, заедно со останатите неврзани земји, би воделе праведна војна наспроти реакционерна и освојувачка војна на блоковите.

Голема заблуда е дека ЈНА можела да спречи распад на земјата. Уште со излегување на првата република од федерацијата, доктрината на ЈНА престанала да важи, и тоа повеќе не личело на истата војска која се градела 45 години. Со воведување на плурализам во СФРЈ, доктрината на ЈНА морала да претрпи сериозни промени, а поради избивање на војната немало време да се преформулираат целите на нејзиното постоење. Како што бил неминовен распадот на СФРЈ, бил неминовен и распадот на нејзината војска.

Ѓорѓи Вељовски






# Урбана безбедност

## Предизвици на урбанизацијата

Како што регионите се трансформираат од рурални земјоделски во урбани средини, така се манифестираат и влијаат врз климатските промени. При урбанизацијата доаѓа до сечење на дрвата. Загадување на водите, воздухот и уништување на зелените површини кои влијаат на покачувањето на температурите. Исто така, градежните материјали кои се користат за изградба на урбаната инфраструктура над земја и под земја ја променуваат почвата и влијаат на покачувањето на температурите во урбаните средини. Дополнителна загриженост предизвикува и фактот што забрзаната урбанизација се случува во време кога светот се соочува со феноменот на климатски промени кој придонесува за дополнително за зголемување на температурата на воздухот (Golden, 2004). Меѓутоа, ова зголемување на температурите во градовите директно се рефлектира и врз зголемувањето на температурите во руралните области. Без сомнение климатските промени и затоплувањето влијаат врз зголемувањето на нивото на морињата, топењето на глечерите, на промените на циклусот на врнежи, како и на зголемена зачестеност на естремните временски услови (поплави, суши, бури, поројни врнежи). Некои истражувања покажуваат дека економските и демографските процеси имаат поголемо влијание врз загадувањето на водата отколку климатските промени. Меѓутоа, зголемувањето на температурата силно влијае врз топењето на глечерите и резервите на снег и мраз на половите, кое пак влијае не само на намалувањето на резервите на вода за пиење туку и на подигањето

> Светот забрзано се урбанизира, а самата урбанизација е проследена со значајни социоекономски последици и последици врз животната средина. Ваквата забрзана миграција и концентрација на населението во урбаните средини силно влијае врз климатските промени преку зголемена потреба од енергија, ресурси, безбедност, но е и генератор на низа социјални девијации кои ја загрозуваат безбедноста на населението

И покрај стриктните законски решенија, секојдневно сме сведоци дека „урбаната мафија“ ги узурпира еколошките, безбедносните и урбаните стандарди за сметка на профитот и го уништува квалитетот на живот во големите градови. Притоа, најмногу трпи зеленилото, трпат самите граѓани, секојдневно се појавуваат проблеми со одржувањето и прекумерната загаденост на воздухот што го дишеме



на нивото на морето. Доколку нивото на морето се подигне за само еден метар тогаш голем дел од светското население кое живее во големите градови покрај морињата и океаните ќе се соочи со сериозни предизвици за опстанокот на нивните домови, односно ќе мора да најде нови места за живеење. Големите градови пак од друга страна побаруваат и зголемена потрошувачка на енергија која се користи покрај другото и за загревање на домовите во текот на зимските месеци, но и за разладување во текот на летните месеци. Исто така, се јавува зголемена потреба од енергија како за индустриските објекти така и за услужните дејности. Таа енергија мора да се обезбеди од некаде односно да се произведи. Најчесто се обезбедува од термоелектраните, хидроцентралите, нуклеарните електрани. Исто така, се вложува во обезбедување на енергија од обновливи еколошки извори. Меѓутоа, степенот на застапеноста на овие извори во севкупното производство е се уште мал. Најголемиот дел од енергијата се обезбедува од фосилните горива како јагленот, нафтата и природниот гас. Тоа пак влијае врз глобалното затоплување и уништувањето на животната средина. Во рамките на оваа урбанизација на виделина излегува и предизвикот поврзан со снабдувањето на населението со квалитетна вода за пиење. Квалитетот на водата длабоко влијае врз безбедноста на населението. Порастот на населението во урбаните средини неминовно бара и зголемена потрошувачка на вода било таа да е за пиење или да е за технолошки потреби. Недостигот на вода пак може да предизвика низа на болести кај населението, па дури и конфликт за нејзино обезбедување. Таа вода се обезбедува од природните извори и резервоари на слатка вода или преку десалинација од морската вода. Најчесто во непосредна близина на големите градови се градат и вештачки акомулации кои имаат двојна намена и тоа да обезбедат резерви на чиста вода за пиење, но и да спречат евентуални поплави од поројни дождови. Како и да е потрошувачката е голема и континуирано има потреба од нејзино зголемување како што расте и бројот на населението. После употребата водата е загадена со најразлични контаминенти. Доколку истата не се пречисти тогаш нејзиното испуштање во природните речни токови предизвикува загадување и на останатата вода, почвата, рибите и животните и на околината. Поголемите градови во развиените земји, поучени од минатото инвестираат значителчни ресурси во изградба на пречистителни станици за прочистување на отпадните води пред нивното повторно враќање во природата. На тој начин се минимизира влијанието на загадувањето на околината и се обезбедува поздрав живот на луѓето. Голем број на развиени држави имаат и стриктни законски регулативи посветени на еколошките стандарди, заштитата на природата, околината во која живеат луѓето и на нивното здравје. Големината на градовите и густината на населението силно влијае врз здравјето на граѓаните. Болестите на населението во градовите најчесто се поврзуваат со квалитетот на живеење, недоволната исхрана, како и поголемата подложност на епидемии. Ефектите од урбанизацијата врз здравјето на луѓето се толку сериозни што Светската здравствена организација ја идентификуваше урбанизацијата како критичен предизвик за јавното здравје во 21от век.

Загадување на воздухот е сериозен предизвик за брзорастечките урбани центри. Тоа е проблем со кој се соочуваат не само развиените држави туку и земјите во развој. Најголем губитник е населението кое што живее во тие урбани центри. Од друга страна загадениот воздух е генератор на



голем број на здравствени проблеми на населението. Проблемите се поврзани со болестите на респираторните патишта и на срцето. Најосетливи категории на граѓани на овие болести се децата до 15 години, бремените жени, лицата со хронични респираторни и срцеви проблеми и лицата над 60 годишна возраст. Меѓутоа, тоа не значи дека останатите категории на граѓани се заштитени од загадениот воздух. Туку напротив и нивното здравје е ставено под сериозен прашалник. Забрзаната миграција и големата концентрација на население во урбаните центри со себе го носи и предизвикот од појава и брзо ширење на заразни болести и епидемии. Тоа бара и дополнително инвестирање во здравствениот систем и превенцијата на населението. Навременото справување со епидемиите во градовите може потенцијално да спаси милиони човечки животи. Добро ни се познати искуствата од минатото

Урбанизацијата и миграцијата ќе продолжат да се одвиваат со забрзано темпо и во иднина. Нотορен факт е дека урбанизацијата и миграцијата силно влијаат врз економскиот, политичкиот, културниот, образовниот и останатиот општествен развој на државата, но истовремено се и голем генератор на предизвици за уртбана безбедност на населението кое живее во тие урбани области

кога епидемијата на „црна чума“ на европско тло збришале третина од популацијата на Европа и Азија. Свежи ни се примерите со епидемиите на Ебола, свински грип, птичји грип, морбили во Скопје и пандемијата с Ковид 19 денес.





Влијанието на миграцијата врз урбаната безбедност на градовите и квалитетот на живот е повеќестрана и сеопфатна. Урбаната безбедност и миграцијата од една страна, тесно се поврзани со забрзаната урбанизација на градовите, забрзаниот развој, подобрениот квалитет на живот на населението и поголемата пристапност на општествените добра. Од друга страна пак, неконтролираната урбанизација и миграција влијае и врз намалувањето на животниот простор, узурпирање на зелените површини, недостигот на вода за пиење, храна, сиромаштијата, зголемената појава на негативни социјални девијации како урбан криминал, насилство, проституција, просјачење, наркоманија вклучително и тероризмот и други насилни „изми“. Справувањето со овие појави побарува и дополнително инвестирање во изградбата на соодветни институционални механизми за превенција и сузбивање на овие негативни девијации.
Негативните социјални девијантни појави не се случајни настани. Тие се позачестени во поголемите населени места спрема помалите, односно дури и во поедини градови во некои населби/квартови забележан е нивна зголемена зачестеност за разлика од други каде тоа е сведено на изолирани случаеви. Зачестеноста на негативните социјални девијантни појави често пати се поврзува со заедниците кои живеат во одредена област како и со густиината на населеност на таа област и бројот на членови во семејството. Дополнителен стимул за развојот на негативните девијантни појави е и високото ниво на сиромаштија која е најчеста во ваквите населени области. Тоа пак ја доведува во прашање и безбедноста на луѓето кои што живеат во големите урбани градови. Безбедноста на луѓето и нивниот имот подразбира и нивна соодветна заштита од негативните социјални девијации. Позитивните резултати од превенцијата на овие негативни социјални девијации се важен аспект на урбаниот живот. Јавниот простор е основата која ја сочинува урбаната средина и го сочинува нејзиниот идентитет и имиџ. Тој урбан простор е отворен и слободно достапен за сите граѓани без оглед на нивните различности по разни основи. Меѓутоа, тука најголема е веројатноста од појава на негативни социјални девијации. Тоа пак влева несигурност и страв на луѓето за нивната безбедност и резултира со намалена искористеност на поволностите на тој простор. Тоа пак води и кон пад на вредноста на недвижнините, кон

општа социјална сегрегација, појава на криминал и други негативни девијации. Темелното почитување на законските стандарди и урбанистички планови на сите нивоа може значително да придонесе и да го зголеми степенот на урбаната безбедност во големите градови.
Самата урбанизација го носи предизвикот на сиромаштија и насилство проследено со зголемена потреба од безбедност на населението. Борбата против сиромаштијата е сериозен предизвик на урбаната безбедност не само на големите градови туку и на државите во целост. Сиромаштијата се смета за „плодна почва“ за развој на социјалните негативни девијации, како криминалот, просјачењето, проституцијата, наркоманијата, тероризмот и слично. Таа генерираа и голем број на насилства проследени со убиства и самоубиства. Генерално бројот на смртни случаеви во градовите е поголем за разлика од руралните средини. Исто така, градовите кои имаат зголемен раст се соочуваат со заканата од пораст на убиствата. Најмногу самубиства се случуваат во урбаните области. Многу чести се ситуациите кога има проблеми со снабдувањето во случај на криза, природна непогода, или кога поради недоволна безбедност одредени криминални групи и банди држат под контрола одредена територија. Безбедносните проблеми со кои се соочуваат луѓето во големите градови се повеќе добиваат на тежина и имаат глобално значење. Ситуацијата може дополнително да се усложни доколку во големите градови не постои ефикасна безбедносна структура која ќе им ја гарантира безбедноста на граѓаните и нивниот имот. Во такви ситуации својата прилика ја гледаат криминалните групи кои се обидуваат да воспостават контрола над таа територија на сметка на безбедноста на граѓаните кои живеат тука и на нивниот имот. Овој предизвик е многу веројатен да се јави во земјите во развој кои имаат забрзана урбанизација и голем прилив на население во големите градови. Свој придонес во ваквите активности има и големата количина на оружје (во голем дел и нелегално) со кое располага населението по различни основи. Без разлика дали тоа е за лична заштита или за друга намена. Траумата предизвикана од криминални групи за локалното население е само еден од нивните негативни ефекти. Ваквите недоволно сигурни урбани области нудат сигурно засолниште за нелегалните економии и се карактеризираат



Со добро владеење, инвестирање и развој на сеопфатни програми, сиромаштијата и другите предизвици со кои се соочуваат големите урбани центри, можат да се решат, а градовите да обезбедат урбана предност за сите

со вооружена активност со висок интензитет во која предизвиците за управување и активностите на недржавните вооружени групи се спојуваат и влијаат врз остатокот од урбаниот систем преку изнудувачки рекети, грабежи, кражба на товар и небезбеден јавен превоз (Sampio, 2018). Тоа бара од државата дополнителни инвестиции во безбедноста на градовите и заштита на имотот и на животите на населението, како и во борбата во спречувањето на овие негативни социјални девијации. Во секој случај, урбаниот криминал силно влијае и го попречува економскиот раст и благосостојба на граѓаните, а во зналителна мера ги слабее и државните институции. Предизвикот за следните генерации е поврзан со потребата да одговори на овие прашања и да научиме како да ги искористиме можностите кои ги нуди урбанизацијата и истовремено да ги искорениме негативните последици од самата урбанизација.

д-р Игор Ѓорески






# Мисија на Голанската Висорамнина (1974 – ?) II дел

После успешниот израелски противнапад со кој се поништени сите достигнувања на арапските сили во првите денови од војната, сириската војска се подготвувала за противнапад. Но, планираниот напад бил отповикан. Било очигледно дека би била потполно запечатена судбината на опколените египетски сили на Синај, па и Сирија на 23 октомври прифатила прекин на огнот. Интересно е што после прекинот на огнот со Израел дошло до помали спорадични дејства помеѓу сириската војска и ирачките единици, претходно испратени да го сопрат израелското напредување. Договорот помеѓу Сирија и Израел е потпишан при крајот на мај во 1974 година, а истиот го регулирал израелското повлекување од завземениот дел од Голанската Висорамнина на линијата на разграничување од 1967 година. После потпишувањето на примирјето во 1974 година, речиси цела Голанска Висорамнина останала во рацете на Израел. Поточно, Израел не запоседнал само 500 квадратни километри од истата, каде денес на тоа подрачје има околу 40-тина сириски населби. Израел, во 1975 година, тоа демилитаризирано подрачје го предал под сирijски надзор, по што започнало враќањето на населението. Кон средината на 1980 година, сириската влада започнала со реконструкција на тие населби каде што денес живеат околу 80-тина илјади жители.

> И покрај почетниот успех, обидот на Египет и на Сирија во октомври 1973 година да го поразат Израел не им успеал. После основањето на мисијата UNEF II на подрачјата за разграничување помеѓу Израел и Египет, Обединетите нации во мај 1974 година ја основаат мисијата UNDOF, која го надгледувала прекинот на огнот помеѓу израелските и сириските трупи на Голанската Висорамнина

### Обнова на UNEF и основање на UNDOF

Во поглед на јужниод дел на разгараничување помеѓу Израел и Египет, Советот за безбедност на ОН на 24 октомври ја обновил мисијата UNEF која Насер ја протерал во 1967 година. Мисијата е повторно воспоставена под

името UNEF II, а нејзината зона на делување е поставена помеѓу египетската и израелската војска на Суецкиот Канал. Разместувањето на припадниците на UNEF II се покажало како стабилизирачки фактор, но на северното боиште помеѓу израелската и сириската војска немало резултати од мировните сили.
Од март 1974 година, состојбата на Голанската Висорамнина станувала сè понестабилна со чести прекини на огнот. Тогаш, Советот за безбедност на ООН  со Резолуцијата 350 од 31 мај 1974 година ја воспоставува мисијата UNDOF. Мисијата имала мандат за одржување на прекинот на огнот помеѓу израелските и сириските сили во регионот, надгледување на раздвојувањето на силите утврдено со договорот од мај 1974 година. Припадниците на мисијата, исто така ги извршуваат и хуманитарни задачи како што се размена на воени заробеници и тела на загинати, пружање медицинска помош на локалното население и обезбедување на премините на цивилите низ зоната на раздвојување.

## Повеќе мисии на мал простор.

Главниот секретар на ОН на 3 јуни 1974 година го наименувал командантот на UNDOF. Истиот ден кога командантот на UNDOF дошол во Дамаск го поставува и привремениот Главен штаб на мисијата во просториjата на мешовита израелско-сириска комисија за разоружување. Истиот ден стигнале и првите војници од австрискиот и перуанскиот контингент, како и логистичари од канада и Полска. До 16-ти јуни UNDOV веќе имал 1218 војници. Во текот на првата фаза до 5-ти јуни канадски и послки припадници се префрлени од мисијата UNEF во UNDOF. Во меѓувреме, UNDOF станала и оперативна, ангажирајќи ги веќе постоечките набљудувачки формации на мисијата UNTSO.  Во  втората фаза од развојот на мисијата која траела до 25 јуни, се спроведувало физичкото раздвојување на израелските и сириските сили. Вредно е да се спомне дека називот на мисијата и бројната состојба на персоналот во истата во поголем дел ги рефлектирале израелските и сириските побарувања кон ОН во поглед на мисијата.
Земји кои сега обезбедуваат воен персонал за UNDOF мисијата се Австрија, Филипини, Хрватска, Канада, Индија и Јапонија. Во мисијата со свој воен персонал имаат учествувано и Финска од 1973 – 1993 година, Иран од 1975 до 1997 година и Перу од 1974 до 1975 година.






Од основањето на мисијата до денес има погинато околу 50-тина воени припадници и еден цивил. Поголемиот број од загинатите припадници на мисијата настрадале од мини, но најголемата загуба се случила во август 1974 година кога погинале девет канадски мировници, кои загинале при падот на воен авион погоден од противвоздушна стрелба. Освен мисијата UNDOF, во потесниот регион, уште од 1948 година, активна е и мисијата UNTSO, чиишто припадници во секторот за раздвојување на Сирија и Израел се припоени кон мисијата UNDOF, но и понатаму се подредени на Главниот штаб на мисијата UNTSO. Во соседен Либан од март 1978 година, сè уште е активна мисијата UNIFIL – United Nations Interim Forces in Lebanon, во која од мај 2007 година, со штабни офицери учествува и нашата армија.

## Мисијата UNDOF денес

На подрачјето на раздвојување на Израел и Сирија, посериозни инциденти немало од 1977 година. UNDOF ја одржува линијата на раздвојување која е долга 75 км и ширина помеѓу 200 метри и 10 км и се протега долж границата на Сирија со Либан до Јордан. Со подрачјето управува сириската полиција, додека и на двете земји им е забрането присуство со воени единици. Теренот на Голанската Висорамнина главно е ридест, а со нив доминира планината Хермон, на која се наоѓа набљудувачка позиција на ОН. Главниот штаб на мисијата се наоѓа во Дамаск. Мировните сили на ОН оперираат од 20-тина постојани позиции. Во оваа мисија од регионов учествува армијата на Република Хрватска со околу 100-тина војници кои се во состав на австриски баталјон и се наоѓат на северниот дел од линијата на раздвојување.
По воспоставена постапка, како и во други мисии, мандатот на UNDOF се продолжува на секои шест месеци. И покрај релативниот мир, состојбата на тој дел од Блискиот Исток останува напната и понатаму, бидејќи нема трајно мировно решение. Присутноста на мировни сили е мошне потребна. Мисијата UNDOF е важна алка и за онака слабите контакти помеѓу Израел.

Симеон Митрев


18 АВ
ДЕН НА АРМ
РЕПУБЛИКА СЕВЕР

# ГУСТ
## ИЈАТА НА
## РНА МАКЕДОНИЈА







# „KMW APVT“ – амфибиско концепт возило

Развојот на возилото APVT започнува во 2013 година, како приватен проект на германската компанија за наменска индустрија „Krauss - Maffei Wegmann“ (скратено KMW). За испитување се произведени 2 протовипови, од кои едниот е наменет за тестирање на амфибиските можности, а другиот за тестирање на подвозјето, гасениците и другите можности на копнен терен. На саемот за воена техника „Eurosatory 2018“, кој се одржа во месец јуни 2018 год., германската команија KMW за првпат официјално го претстави новото концепт оклопно амфибиско гасенично возило APVT (Amphibious Protected Vehicle Tracked). Иновативниот приод во изведбата на возилото е неговата можност да се движи како стандардно гасенично возило на копно, а кога плови, напред да се движи со задниот дел, кој е специјално обликуван да овозможи мал хидродинамички отпор при пловење. Во предниот дел на возилото е управувачкиот оддел каде се сместени возачот и командирот (под нив е поставен водениот млазник за движење по вода). За потребите на возачот и командирот на возилото, над нивните позиции има отвори чии поклопци се отвараат странично. На овие поклопци се вградени по 2 перископи од кои едниот е насочен према напред, а вториот бочно. За подобра видливост и свеност за позицијата на предниот дел и на задниот дел од возилото, се вградени по една камера чија слика се прикажува на диспеј во управувачкиот оддел (за возачот и командирот).
На предниот дел од управувачкиот оддел е вграден и бранобран со платно, кој се расклопува/ склопува со помош на автоматизиран механизам. Инаку, подготовката за амфибиско дејство на возилото е 1 минута. Зад управувачкиот оддел е главниот погон кој е поставен централно во возилото, со цел добивање поголем баланс при амфибиско дејство. Во задниот дел е траспортниот оддел во кој се сместени 8 десантни војници кои се распоредени во 2 групи по четворица, свртени едни кон други.
При амфибиски дејства, кормиларот, со команден пулт за управување на возилото е позициониран во задниот дел од транспортниот оддел, каде што на кровот за негови потреби е направен отвор, со цел да му се овоможи подобра прегледност при управувањето во вода. Исто така, на кровот од транспортниот оддел за десантното одделение е изработен уште еден поголем правоаголен отвор. На крајот од возилото е вградена хидраулички придвижувана рампа за десантирање од возилото, а надворешно, горе, е поставен прoширниот бранобран.
Оклопот на возилото овозможува заштита од лесно пешадиско оружје, нагазни мини и шрапнели на артилериски гранати, но постои опција за понатамошна надоградба на окопната заштита. За намалување на развојните трошоци, за подвозјето се користени сегменти од борбеното возило на пешадијата ПУМА. Инаку возилото поседува по 6 потпорни тркала и по 3 носачи на гасеници од секоја страна, погонските тркала му се поставени назад, а мрзливците се поставени напред.
Со цел подобро и потивко движење, возилото поседува хидропневматска амортизација и гумени гасеници модел iDBT35, кои се развиени од компанијата „Defence Service Tracks“.
Возилото од опрема поседува АБХО заштита, систем за ладење и греење, комуникациски системи, лансери на димни гранати и друго. На кровот од возилото може да се поставаат различни борбени куполи, како на пример далечински управуваната борбена купола RCWS 200+, која е опремена со автоматскиот топ Rh202, со калибар од 20 mm. Оваа купола може да прифати и тежок митралез со калибар од 12,7 mm, лансер на гранати со калибар од 40 mm или митралез со калибар од 7,62 mm.
Како главен погон се користи дизел-мотор MTU, со моќност од 816 кс, во комбинација со автоматската трансмисија ZF, додека за движење во вода се користи посебен погон „waterjet“, со моќност од 550 kW, чиј насочувачки воден млазник овозможува голема маневрабилност при пловење. Основата на возилото може да се искористи за развивање на борбено возило на пешадијата, командна верија, оклопен транспортер, извидувачка или медицинска верзија.

Ивица Дамески








1. Управувачки оддел каде се сместени возачот и командирот на возилото
2. Бранобран со платно кој поседува автоматско расклопување/ склопување
3. Камера
4. Отвор за кормиларот кој управува со возилото при амфибиско дејство
5. Прoсирен бранобран
6. Камера
7. Далечински управувана борбена станица опремена со дневно-ноќен нишански систем




8. Хидраулички придвижувана десантна рампа
9. Дизел-мотор MTU и задно погонско тркало за гасениците
10. Оклоп кој овозможува заштита на ниво од борбено возило на пешадијата
11. Гумени гасеници модел iDBT35
12. Транспортен оддел во кој се сместени 8 десантни војници
13. Погон за движење во вода „waterjet“
14. Потпорно тркало со хидропневматска амортизација

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „APVT“ | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 2 члена + 8 војници |
| ДОЛЖИНА | 9.46 m |
| ВИСОЧИНА | 2.7 m |
| ШИРОЧИНА | 3 m |
| ТЕЖИНА | 25 тони |
| НОСИВОСТ | 5 тони |
| ПОГОН | дизел мотор MTU, со моќност од 816 кс |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА КОПНО | 70 km/h |
| БРЗИНА НА ПЛОВЕЊЕ | 13.2 km/h |
| АВТОНОМИЈА НА ДВИЖЕЊЕ НА КОПНО | 550 km |
| АВТОНОМИЈА НА ДВИЖЕЊЕ ВО ВОДА | 54 km |
| ИСКАЧУВАЊЕ ПРЕПРЕКА | 80 sm |
| ПРЕМИН ПРЕКУ РОВ | 2.5 m |



# Хеликоптер „Мил Ми-24“

Компанијата „Rostov Helicopter Production Center“ е исклучиво позната за производство на хеликоптери и е основана во далечната 1939 година. Покрај хеликоптерите „Ми-24“ („Hind“) и „Ми-35“ (модернизиран „Ми-24“), таа го произведува и борбениот хеликоптер „Ми-28“ (Havoc), потоа најголемиот транспортен хеликоптер во светот „Ми-26“ („Halo“), како и поранешните големи и тешки транспортни хеликоптери „Ми-6“ („Hook“) и „Ми-10“ („Harke“). „Rostvertol“ е еден од водечките производители во Русија на воени-борбени хеликоптери и цивилни-тешки транспортни хеликоптери. Клучните способности на компанијата вклучуваат: металуршка работа (лиење и обликување на легури); обработка и монтажа на делови; преработка и подготвување; печат на механички и хидраулични преси; заварување (на челик, алуминиум, титаниум, не'рѓосувачки челик и легури на магнезиум); производство на композитни лопатки на роторите итн.

Хеликоптерот „Мил Ми-24“ („Hind“) е борбен хеликоптер за поддршка, пред сѐ на копнените сили, а може да послужи и за транспорт на персонал со капацитет до осум војници. Произведен е од „Mil Moscow Helicopter Plant“, компанија за дизајн и производство на хеликоптери во Москва уште од далечната 1972 година од страна на советските воздушни сили и нејзините наследници. Инаку, 95 % од хеликоптерите во поранешниот Советски Сојуз се изградени врз основа на дизајни на „Мил“, а објекти за производство на сериски хеликоптери дизајнирани од „Мил“ се во следните руските компании: „Rostvertol“, „Kazan Helicopter Production Association“ и „Ulan-Ude Aviation Plant“. „Мил“, исто така, соработува и со европската компанија „Eurocopter“.

Во текот на раните 1960-ти години на советскиот дизајнер Михаил Мил му станало јасно дека трендот кон се поголемата подвижност на бојното поле ќе резултира во создавање „летачки“ пешадиски борбени возила, со капацитет да носат војници, со сет на мали крилја прикачени на конструкцијата и со можност за носење проектили или ракети. Првиот израз на овој концепт бил макетиран и откриен во 1966 година во



експерименталниот дел на фабриката каде што Мил бил главен дизајнер. Мил го предложил дизајнот на шефовите на советските вооружени сили. Додека тој имал поддршка од голем број стратези, од друга страна имал и противници кои му се спротивставиле. Неколку високи членови на вооружените сили сметале дека инвестирањето во конвенционалното оружје е подобра употреба на ресурсите. Мил успеал да го убеди првиот заменик на министерот за одбрана и да свика експертска комисија за да го разгледа ова прашање. Развојот и употребата на оружје и борбени хеликоптери од страна на американската армија за време на војната во Виетнам, ги убедило советите во предностите на вооружените борбени хеликоптери кои поттикнале поддршка за развојот на „Ми-24“. Во тоа време, бирото за дизајн „Kamov“ предложил армиска верзија на нивниот хеликоптер Ка-25 како опција со пониска цена. Сепак, одлуката била во корист на новиот дизајн на „Мил“ за хеликоптер со два мотори. Директивата била издадена на 6 мај 1968 година за да се продолжи со развој на овој дизајн. Развојот на новиот хеликоптер во суштина произлегол од претходниот производ на „Мил“, а тоа бил хеликоптерот „Ми-8“ („Hip“). Дошло до модификација на моторот, на главниот ротор, како и на кокпитот за двајца пилоти во патничката кабина. Најпрвин пилотите седеле еден до друг, за потоа да се смени концептот и дизајнот со седење еден позади друг. Целокупното макетирање на дизајнот било разгледано и одобрено во февруари 1969 година, а тестовите за летање со прототип започнале на 15 септември 1969 година (четири дена подоцна бил извршен првиот пробен лет). Работата се одвивала под контрола и супервизија на Мил се до неговата смрт во 1970 година. Тестирањето за прифаќање на дизајнот траел вкупно 18 месеци. Промените направени во дизајнот опфатиле јачина на самата конструкција, проблеми со замор на материјалите и различни нивоа на вибрациите. Опашниот ротор бил преместен од десната на левата страна на опашката, со промена на насоката на вртење за да се зголеми ефикасноста на самиот ротор. Верзијата на хеликоптерот позната како Ми-24А влегува во производство во 1970 година, а својата почетна оперативна способност ја добила во 1971 година. Вообичаено хеликоптерот Ми-24 се користи за реализација на блиска воздушна поддршка, противтенковски операции или воздушна поддршка и борба. Трупот на Ми-24 е оклопен и може да издржи калибар од 12,7 мм. Кокпитот на пилотите е заштитен со отпорно ветробранско стакло, а кабината има можност за заштита на екипажот во НХБ услови. Хеликоптерот Ми-24Б, бил користен во неколку



Хеликоптерот „Мил Ми-24“ (Hind) е борбен хеликоптер за поддршкам, пред сè на копнените сили, а може да послужи и за транспорт на персонал со капацитет до осум војници. Произведен е од „Mil Moscow Helicopter Plant“, компанија за дизајн и производство на хеликоптери во Москва уште од далечната 1972 година од страна на советските воздушни сили и нејзините наследници

обиди за постигнување светски рекорд во брзината. Официјален рекорд на брзината од 332,65 км/час бил поставен на 13 август 1975 година, а три години подоцна бил поставен апсолутен рекорд со брзина од 368,4 км/час. Овој рекорд траел се до 1986 година, кога е надминат од британскиот хеликоптер „Westland Lynx“. Овој хеликоптер, како комбинација на борбен хеликоптер со можности за транспорт и на војници, нема директен конкурент во арсеналот на хеликоптерите на НАТО. „Ми-24“ е прогласен за единствен ваков хеликоптер во светот, поради неговата комбинација на огнена моќ и способност за носење војници. Најблискиот западен еквивалент бил „Sikorsky S-67 Blackhawk“, кој користел многу исти принципи во дизајнот, а исто така бил изграден како хеликоптер за напад со голема брзина, со голема агилност и со ограничена можност за транспорт на војска, но истиот не бил воведен во оперативна употреба. Други западни еквиваленти можеби би биле вооружената верзија на „Aérospatiale SA 330 Puma“, како и вооружената варијанта на „Sikorsky UH-60 Black Hawk“. Денес, единствен пример за нов оперативен напаѓачки хеликоптер е „Eurocopter Tiger“. Во април 1979 година, хеликоптерите „Ми-24“ од страна на Советите, биле доставени до авганистанската влада за да се справи со муџахединските герилци. И покрај соочувањето со силен отпор од авганистанските бунтовници, „Ми-24“ се покажал како многу деструктивен. Бунтовниците хеликоптерот го нарекле „Shaitan-Arba", односно „Satan's Chariot“ – Кочија на сатаната. Хеликоптерот бил многу популарен кај копнените трупи, бидејќи можел да остане на бојното поле во подолг временски интервал и да обезбеди оган по потреба, додека авионите можеле да останат само кратко време пред да се вратат назад во базата за да наполнат гориво. „Ми-24“ бил дизајниран специјално за ваков конфликт и користел топови, митралези, ракети и конвенционални бомби во редовните излези против герилскиот непријател. Хеликоптерот, своите способности ги има докажано и во војните во: Чад, Ирачко-иранската војна, Ангола, Шри Ланка, Чеченија, Грузија, како и во воениот конфликт во нашата држава во 2001 година.

„Вишеградската четворка“ (Чешка, Унгарија, Полска и Словачка) во февруари 2003 година потпишале договор за заедничка надградба на 105 хеликоптери „Mi-24D/V“ според стандардите на НАТО. Овој договор подоцна бил напуштен. Во октомври 2007 година, руските воздухопловни сили објавиле дека ќе ја заменат својата флота „Ми-24“ со хеликоптерите „Ми-28Н“ и „Ка-52“. Поновите варијанти на „Ми-24“ се опремени со: Electro-Optical Sighting Pod, Digital Avionics Suite, Multifunction LCD Cockpit Displays, Night-Vision Goggles, NVG-Compatible Cockpit Lighting, TV/FLIR Sighting System, Laser Rangefinder, Infrared Jammer, Radar Warner, Flare Dispensers и со многу други системи.

Драган Павловски



# „Transportpanzer Fuchs“

## Оклопен транспортер на германската армија

Оклопниот транспортер („Transportpanzer 1“ или „Fuchs Fox“ – „Лисица“), беше развиен да биде оклопен амфибиски транспортер на товар, притоа користејќи комерцијални достапни компоненти секогаш кога е тоа можно. После широките испитувања со прототип на возила, главното сериско производство беше извршено од страна на „Thyssen Heinschel“ од 1979 година па наваму

Целосно амфибискиот транспортер на товар „Transportpanzer1-Tpz 1“ е така модифициран да ги задоволува и многу други побарувања, од кои едното е да биде оклопен транспортер со можност за транспорт на персонал до 14 војници, кои седат индивидуално во товарниот простор (Германската армија го има ограничено бројот на персонал кој се превезува на 10 лица). Вкупно 996 оклопни возила „Fuchs“ од сите верзии беа испорачани од страна на германската армија во период од 1980 до 1986 година. Како носач на транспорт, може да пренесува до 3000 кг товар под заштита (оклоп), при што оваа верзија може да се претвори во оклопно медицинско возило кога има потреба. Како и да е транспортерот „Tpz 1“ е адаптиран за многу други цели. Само германската армија го користи „Tpz 1“ како носач на RASIT (RAdar de Surveillance des InTervalles) земјен доплерски пулсен радар на боиштето, инжинериско борбено возило, возило за електронско војување



(без амфибиски способности), командно-комуникациски центар, возило за отстранување на експлозивни направи за Германските воздухопловни сили и NBC извидувачко возило (CBRN). Другите нации ја користат подоцнежната варијанта, вклучително и Израел и повеќето земји од НАТО.
Армијата на САД го усвои NBC извидувачкото возило како „M93 Fox“ и наводно има над 300 примероци. Останатите извозни варијанти на „Transportpanzer 1“ вклучуваат носач на минофрлач 81 мм, минофрлач 120 мм-трактор, оклопно возило за општа намена и верзија на борбено возило на пешадијата на која се поставени 20-25 мм топ, надворешно монтирани на кровот. Вооружувањето со кое се опремени варира во зависност од улогата на возилото и од нацијата корисник. Повеќето верзии на транспортерот се лимитирани на единечен митралез 7,62 мм, но другите модели може да имаат различни митралези 12, 7 мм или 20 мм топовски инсталации на малите куполи на надворешната вооружена станица.
„Transportpanzer 2“ е подобрена верзија. Може да носи внатрешно до 4 000 кг без да ги изгуби своите амфибиски способности.
Варијанти на ова возило се: носач на RASIT (RAdar de Surveillance des InTervalles), земјен доплерски пулсен радар на боиштето; инжинериско борбено возило; возило за електронско војување (без амфибиски способности); командно-комуникациски центар; возило за отстранување на експлозивни направи за германските воздухопловни сили; NBC-извидувачко возило (CBRN); оклопни амбулантни возила; носачи на минофрлач 81 мм; минофрлач 120 мм-трактор; оклопно возило за општа намена; борбени возила на пешадијата со монтиран митралез 12, 7 мм или топ 20-25 мм.
Новата верзија на транспортерот „ Fuchs (Fox) Transportpanzer 1 6×6 “ е оклопниот транспортер „Fuchs 2“. Возилата се произведени од страна на „Rheinmetall Landsysteme“ со седиште во Кил и Касел во Германија. Компанијата „Rheinmetall“ има испорачано 1236 возила „Fuchs 1“ во разни варијанти за различни мисии. Возилата се во служба на германската армија и кај вооружените сили на Саудиска Арабија, Холандија, Велика Британија, САД и Венецуела. Возилото „Fuchs“ беше во оперативна служба со германските трупи на КФОР во Косово и во Македонија. Испитувањата на



| СПЕЦИФИКАЦИИ НА ОВИЕ ОКЛОПНИ ВОЗИЛА СЕ: | |
|---|---|
| ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО | Германија |
| ВЛЕЗЕНИ ВО УПОТРЕБА | 1980 година |
| ДОЛЖИНА | 6,83 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,98 метри |
| ВИСИНА | 2,30 метри |
| ТЕЖИНА | 17 тони |
| МОТОР | Mercedes-Benz OM 402A diesel 320 hp |
| ПОСАДА | 2+12(возач, командир + 12 војници) |
| ВООРУЖУВАЊЕ | единечен митралез 7,62 мм |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 800 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 105 km/h |
| АМФИБИСКА БРЗИНА НА ВОДА | 10 km/h |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 70% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 35% |
| СОВЛАДУВАЊЕ ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0.6 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ РОВ | 1,1 м |





Корисници на овие возила (освен NBC верзијата) се Турција, Саудиска Арабија, Холандија и Венецуела. Во 2014 година Алжир започна производство под лиценца со делови на расклопување. Првично ќе бидат произведени околу 120 возила за локални потреби. Сепак, до 2024 година може да бидат произведени до 1200 возила за алжирската армија

возилата „Fuchs 2“ започнаа во 2001 година. Во февруари 2005 година Обединетите Арапски Емирати порачаа 32 „Fuchs NBC (Nuclear, Biological and Chemical)“ извидувачки возила кои се базирани на „Fuchs 2“. Нарачката вклучуваше 8 возила за детекција на биолошко војување и 8 возила за командно место. Првото возило „Fuchs 2“ NBC RC беше испорачано во февруари 2007 година. Во октомври 2007 година, Армијата на САД направи договор за надградба на почетните 18 возила од целокупната флота од 123 „Fuchs (Fox)“ возила од конфигурацијата „Fuchs 2 NBC“. Германската армија, исто така, ги надогради своите „Fuchs“ возила. Во февруари 2013 година компанијата „Rheinmetall“ доби договор од германската армија вреден 37 милиони евра за испорака на седум возила „Fuchs/Fox KAI“. Возилото „KAI“ е нова варијанта, специјално опремена за откривање и расчистување на бомби покрај патот, мини и импровизирани експлозивни направи.

Возилата „Fuchs2“ имаат максимална борбена тежина од 20 тони и се целосно амфибиски. Главните подобрени карактеристики кои се инкорпорирани во оваа серија се интеграција на помоќен мотор со ниска емисија, што овозможува зголемување на корисното оптеретување од 4 тони на вкупно 9,4 тони зависно од верзијата. Погонот и сопирачките се унапредени за да одговараат на повисоките перформанси на моќност и тежина. Висината на задниот оддел на екипажот е зголемена за 145 мм и инсталирани се кровни отвори за воздух. Другите подобрувања вклучуваат дигитален систем на возилото CAN-Standard SAE J 1939 и централен систем за надувување на гумите. Кабината е доволно голема со капацитет за складирање од 10.5m³ за да се сместат низа системи за потребите на мисиите. Семејството на возила „Fuchs2“ вклучува возило за заштита од NBC, извидувачки, командни C4I, контрола, комуникации и разузнавање, C3I, носачи на минофрлач и возила за електронско војување.

Возилата „Fuchs2“ може да бидат опремени со низа на вооружени системи, вклучувајќи купола „Rheinmetall E8“ или вооружена станица RLS 609 „Rheinmetall“ со мала тежина. Вооружената станица RLS 609 може да биде опремена со митралез 12, 7 мм или 40 мм фрлач на гранати за самоодбрана од лесни оклопни возила и непријателски воздушни системи. RLS 609 обезбедува ниско ниво на бучава при пукање и минимална концентрација на јаглен моноксид. Далечински управуваната RLS 609 станица е опремена со CCD камера, дисплеј на течни кристали и со контрола со џојстик за работа на вооружената станица од внатрешноста на возилото. Монокок трупот од оклопен челик обезбедува целосна заштита од 360° против оклопно пробојни куршуми 7,62 мм. Стаклените прозори и блоковите за поглед го обезбедуваат истото ниво на заштита како и трупот на возилото. Со оклопените прозори за пукање може да се управува однатре од возилото. Дополнителниот кит на оклоп обезбеден од „IBD Deisenroth Engineering“, обебзбедува заштита против 12,7 мм и 14,5 мм оклопно пробојна муниција, артилериски фрагменти, противтенковски и противперсонални мини (противпешадиски). Пасивниот комплет на оклоп на фронталниот лак обезбедува заштита против 30 мм гранати (armour piercing



Корисници на овие возила (освен NBC верзијата) се Турција, Саудиска Арабија, Холандија и Венецуела. Во 2014 година Алжир започна производство под лиценца со делови на расклопување. Првично ќе бидат произведени околу 120 возила за локални потреби. Сепак, до 2024 година може да бидат произведени до 1200 возила за алжирската армија



discarded sabot-APDS). Возилото може да биде опремено со интерком и радио ноќен систем за гледање на возачот и командирот, интегриран глобален систем за позиционирање и комплет за навигација на возилото. Пристапот до станицата на возачот е преку двете странични пристапни врати. Војниците имаат брз прстап до станицата на екипажот преку двете задни врати кои се отвараат према надвор или преку задната влезно излезна рампа, која се управува со електрична енергија. Екипажот и возачот може да ги користат и двата отвори поставени на кровот на возилото. Со опционалниот амфибиски пакет, возилото е во можност да влезе и да излегува од вода преку стрмните косини и е целосно амфибиски. Задниот дел на возилото е опремен со два „Schottel" пропелера, кои може да се вртат за 360° и да му овозможат брзина на движење на вода од 10km/h. Возилото може да биде опремено со систем за (NBC -Nuclear, Biological and Chemical) заштита.
Оклопниот транспортер „Fuchs2" користи голем број докажани и комерцијално достапни автомобилски компоненти. Се напојува со дизел-мотор „MTU 6V 199 TE20 ", кој развива 425 КС и ги исполнува ЕУРО III стандардите за емисија, опремен со директно вбризгување на гориво, турбо полнач на издувни гасови, течно ладење и електронски систем за управување со моторот. Моќта на моторот е 15.kW при 1,800 rpm. Шестстепениот, целосно автоматска трансмисија од типот „ZF 6 HP602" има интегриран ретардер, примарен менувач STV 502 и секундарен менувач STU 13000. Осовините на „Fuchs2" се надоградени за да можат да носат поголемо оптоварување на тркалата, возачот може да го активира диференцијалното заклучување надолжно и попречно додека е во движење. Вентилот за контрола на притисокот на третата осовина спречува блокирање на осовината за време на маневри кои вклучуваат итно сопирање. Управувањето е контролирано преку „LS7FS Daimler Chrysler" менувач и ги поврзува управувачките шипки до првите две осовини. Гумите 14.00 – 20 radial може да бидат опционално опремени со додаток-вметнувач „run flat-систем". Централен систем за надувување на гумите CTIS осигурува дека „Fuchs 2" ја задржува подвижноста во случај на оштетување на една или сите гуми. Системот за гориво опфаќа два непробојни, самозапечатени резервоари, поставени странично на заварениот труп во кучишта од оклопен челик. Возилото има 24V електричен систем со 4 батерии од 200Ah и генератор 6.5kW. Дигиталниот електричен систем „CAN standard SAE J 1939" обезбедува податоци за состојбата на возилото и детали за дефект на компонентите на информацискиот систем на возачот. Возачот е обезбеден со (Driver Information System-DIS), кој обезбедува online следење на статусот и идентификација на дефекти. Почнувајќи од 2007 година, па сè до денес, произведени се повеќе од 330 возила и нарачани се над 1000 возила. Моментални оператори на овие возила се Германија, Алжир, Обединети Арапски Емирати и Кувајт.

Идриз Идризоски

| ОСТАНАТИТЕ СПЕЦИФИКАЦИИ НА ОКЛОПНИТЕ ВОЗИЛА „FUCHS 2" СЕ: | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 6,83 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,98 метри |
| ВИСИНА | 2,42 метри |
| ТЕЖИНА | 22 тони |
| МОТОР | MTU 6V 199 TE20 diesel engine |
| ПОСАДА | 2+10(возач, командир + 10 војници) |
| ВООРУЖУВАЊЕ | според побарувањата |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 700 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 105 km/h |
| ОКЛОПНА ЗАШТИТА | до 14,5 мм, артилериски фрагменти и противминска заштита |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 60% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | од 30% |
| СОВЛАДУВАЊЕ ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0.7 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ | 1,2 м |
| АМФИБИСКИ СПОСОБНОСТИ | Опционално |



# Пешадиска пушка Гаранд М-1

## Вистинска икона на американската огнена моќ

Различни извонредни оружја и парчиња опрема влијаеле на текот на Втората светска војна, како за сојузниците така и за силите на оската. Едно од тие е и пешадиската пушка „Гаранд М-1“. Иако војниците се бунеле и се шегувале за тежината на „М-1“, оружјето на Гаранд било сигурно каде и да се употребувало. Честопати, правејќи ја разликата помеѓу животот и смртта за војниците од првите линии, таа играла важна тактичка улога и на крајот одлучувачка улога во победата на сојузниците над силите на нацистичка Германија, Италија и Јапонија

Дизајнирана долго пред војната од Џон Гаранд, француско-канадски инженер, полуавтоматската пушка М-1 била главното пешадиско оружје на американската армија од 1941 до 1945 година. Испукувајќи куршуми со калибар .30 (7,62 x 33 mm) од рамки со осум куршуми, таа била прва воена полуавтоматска пушка на светот која се користела секаде каде што американските војници војувале, во Северна Африка, Сицилија, Италија, Пацифичкото војувалиште, Франција, Белгија, Холандија и Германија. Пушката М-1 имала значителна предност во однос на пушките што ги користеле другите сојузнички и непријателски армии заради нејзиниот полуавтоматски механизам. Стрелец можел да пука брзо колку што можел брзо да го повлекува чкрапалото. Обучен војник бил во можност да испука осум куршуми во рок од 20 секунди, а потоа брзо да вметне нова рамка со куршуми, без да го тргне погледот од целта. Тој исто така можел да ја наполни пушката со муниција со обично, обележувачко, панцирно или запалливо зрно, а со релативна леснотија можел да го претвори оружјето и во фрлачка на гранати. Иако



била тешка 4,3 килограми, пушката на Џон Гаранд била лесна за оддржување и била смртоносно прецизна до 500 метри. И покрај нејзината тежина, војниците ја сакале, а прецизноста и издржливоста на пушката била истакнувана од генералите, како и од војниците. Така, во почетокот на 1942 година, генералот Даглас А. Макартур, подоцна командант на сојузничките копнени сили на Пацифичкото војувалиште, известувал за М-1 дека: „Под борбени услови, работела без механички дефекти и кога се користела во заклони немало застои поради прашина или нечистотија. Била во скоро постојана акција околу една недела без чистење или подмачкување“. И генерал-полковник Џорџ С. Патон, командант на третата армија во Европа во 1944-1945 година исто така истакнал дека според него, пушката М-1 е најдоброто борбено оружје осмислено дотогаш. Пушката М-1 не била елегантна, но била цврста, добро прилагодена за масовно производство, брзо се пукало со неа, а за новите регрути била многу лесна да научат да ракуваат со неа.
Човекот кој стои зад пушката М-1, Џон Кантиус Гаранд бил роден на 01.01.1888 година во Сент Реми, мало градче оддалечено дваесетина километри од Монтреал, Квебек, Канада. На 11 годишна возраст, се преселил со семејството во Конектикат. Џон го посетувал училиштето до 12 годишна возраст, а потоа започнал да работи, чистејќи подови во фабрика за текстил. Како истражувачко момче станал фасциниран од машините околу себе и наскоро го користел слободното време за да дознае повеќе за механиката. На 18 годишна возраст, тој бил вработен како машинист. Џон станал производител на алатки и мерачи, завршил повеќе курсеви и отишол да работи во фабриката за алатки Браун и Шарп во Провиденс, Род Ајленд. Како млад дизајнер на машински алатки се нашол среде револуцијата во дизајнирањето машински алатки, бидејќи растечката автомобилска индустрија се повеќе барала прецизно изработени компоненти. Џон научил многу во Браун и Шарп, особено за интеграцијата на дизајнот со машините за производство. Џон Гаранд го сакал оружјето и стрелаштвото, па така почнал да дизајнира оружје како хоби. Откако прочитал за механичките проблеми на американската армија со оружјето за време на Првата светска војна, тој дизајнирал лесен митралез. Армијата ја зела понудата за дизајнот, а нацрт-планот на крајот бил избран од тогашното министерството за војна. Тој добил позиција во Бирото за стандарди на САД во август 1918 година и задача да го усоврши оружјето. Гаранд ја завршил работата на неговиот прототип во рок од 18 месеци, но Првата светска војна тогаш завршила и армијата го загубила интересот. Како и да е, упорниот млад изумител бил задржан како инженер за консултации. Тој сега бил познат во светот на правењето на оружје.
Во ноември 1919 година, Гаранд бил доделен на историскиот американски арсенал за оружје во западниот дел на градот Масачусетс, Спрингфилд. Основан во 1777 година од страна



на генералот Џорџ Вашингтон и неговиот началник на артилерија, полковник Хенри Нокс, арсеналот се користел за чување на мускети, топови и други оружја за време на Американската револуција. Подоцна, таму биле произведени муниција, пиштоли и 800.000 мускети. Подоцна Спрингфилд арсеналот станал главен федерален центар за производство на мало оружје. Во Спрингфилд, Џон Гаранд го поминал остатокот од својата кариера, станал главен офицер и дал единствен придонес за американската пешадиска огнена моќ во Втората светска војна. Кога бил прашан да дизајнира полуавтоматска пешадиска пушка за армијата, тој се осврнал на своето искуство во Браун и Шарп. Таквото оружје ќе бара прецизност во обработката и склопувањето, со дизајн што вклучува функционалност и предвидливост. Но, работите требало да се сменат во „Спрингфилд оружје“, доколку масовно ќе се произведува висококвалитетно пешадиско оружје. Гаранд сфатил дека оружјето, на кое го дал своето име во легендарната серија на пушки Спрингфилд, не успеало да биде дури ни дел од оружјето што и било потребно на армијата во Првата светска војна. За време на војната, „Спрингфилд оружје“ произвел повеќе од 265.000 пушки Спрингфилд М1903, но тие не биле доволни за понатамошниот напредок на фабриката. Војната се покажала како удар за престижот на „Спрингфилд оружје“ од кој никогаш не заздравила целосно, поради производствените способности кои биле застарени и непогодни за изработка на модерно огнено оружје.Кога започнал да работи во Спрингфилд, студиозниот Гаранд сакал да ги надгради производствените капацитети. Тој заклучил дека фабриката произведува погрешна пушка. Пушката Спрингфилд М1903 била добра пешадиска пушка, но било тешко да се произведе со користење на современи машински алати. Таа била дизајнирана да биде конструирана од квалификувани оружјари со лежерно темпо и со обилна работна сила. Гаранд сфатил дека времето и квалификуваната работна сила секогаш недостигале за време на војна, па верувал дека единствениот логичен тек е да се напушти М1903 и да се започне одново. Дизајнот на британската пушка „Енфилд М1917“, произведена за време на Првата светска војна, имала предност да се изработува со машински алати и неквалификувана работна сила. Во 1919 година, Гаранд започнува со дизајнирање скици за нова пушка. Тој станал државјанин на САД во 1920 година и се квалификувал за државна служба со годишна плата од 3.500 американски долари. Така, тој ја изгубил секоја шанса за профит што би го стекнал како приватен пронаоѓач. Тргнал кон долг, тежок пат кон создавање прифатлива модерна пешадиска пушка. Негов главен проблем бил Комитетот за воени оружја, кој барал дизајн на пушка

што ќе им одговара на пешадинците, коњаниците и тенковските посади. Објавувајќи ги своите критериуми за нова пешадиска пушка во 1926 година, армијата сакала да искористи што е можно повеќе делови од старата M1903 и да го искористи стандардниот куршум .30-06, од кого имало милиони во складиштата.
Гаранд минувал долги часови, од година во година, во текот на 20-тите и раните 1930-ти, дизајнирајќи пушка што би одговарала на армиските спецификации. Вршејќи многу работа во слободното време во текот на следните 15 години, тој направил прелиминарни дизајни, детали за работа и понатамошни дизајни. Додека се трудел во експерименталната работилница на Спрингфилд, тој планирал нови згради и машини потребни за да го произведе оружјето. На крајот, објектот за изработка на оружјето станал еден од најнапредните постројки за обработка на метали во светот. Џон Гаранд ги финализирал прототипите на неговата пушка кон крајот на 20-тите и раните 1930-ти, а конечно биле патентирани на негово име во 1934 година. Иако официјално била усвоена во 1932 година од страна на армијата по исцрпувачки тестови како стандардна пешадиска пушка, таа официјално не влегла во служба и не ја заменила пушката Спрингфилд M1903 се до 1936 година. Производството започнало во 1937 година, а првиот производствен модел на пушката Гаранд М-1 бил успешно презентиран на 17 јули 1937 година. Производството започнало да се одвива бавно, а само мал број биле достапни во 1939 година. Кога САД влегле во Втората светска војна, еден ден по нападот на Перл Харбор во декември 1941 година, пушките М-1 сè уште биле во недостиг. Повеќето единици на армијата и маринскиот корпус сè уште биле опремени со пушките Спрингфилд. Но, масовното производство на оружјето што ќе ја револуционизира американската пешадиска огнена моќ наскоро започнало. До крајот на војната во 1945 година, „Спрингфилд оружје“ произвело 4,5 милиони М-1, со уште еден милион произведени од три контрактори за оружје. Техничките карактеристики на ова оружје се занимливи, бидејќи пушката има тежина од 4,3 килограми, должината на оружјето е 1.100 mm, должината на цевката е 609,6 mm и прима осум куршуми во калибар .30-06. Се полнела од горе, со рамка од осум куршуми, а скелетизованата рамка по испукувањето на последниот куршум се исфрлала на горе, што произведувало карактеристичен звук, кој бил лесно препознатлив за сојузничките војници за време на борбите во Втората светска војна. Системот на работа на пушката се базира на враќање на дел на барутните гасови кои го туркаат затварачот, кој со ротацијата во цевката ја забравува со две брадавици, што се покажало како сигурен и добар систем за експлоатација во борбени услови. Пушката имала многу прегледен и добро решен диоптерски заден механички нишан, кој овозможувал прецизен оган, дури и на далечини поголеми од двеста метри, што во борбени услови е одличен резултат. Извежбан стрелец можел да испука до 50 куршуми за една минута, што била голема огнена моќ, ако се споредат со обртночепните пушки, со кои воглавно биле наоружани пешадиските единици на силите на Осовината. Од пушката можеле да се испукуваат тромблонски мини, со што темелно обучен војник можел да онеспособи утврдени точки во непријателската одбрана и оклопени средства. Гаранд М-1 имала американски воен бајонет M1905, долг 40,6 cm, а за време на вое户ното производство бил воведен M1942, кој имал пластични делови наместо скапите дрвени. За пушката М-1 бил воведен и пократок бајонет М-1 дизајниран за тоа оружје долг 25,4 центиметра.
Многу експерти за огнено оружје во 1930-тите се сомневале во прецизноста и способностите на полуавтоматската пушка Гаранд, но тие се покажале како погрешни. Споредено со другите пушки од ерата на Втората светска војна (британската Ли-Енфилд .303 пешадиска пушка, руско-белгиската Мосин-Нагант и американската Спрингфилд), оружјето на Гаранд претставувало голем напредок во дизајнот на борбените пушки. Енфилд и германскиот Маузер имале подобра изработка, но М-1 пукала побрзо, исто толку прецизно, и можела лесно да се одржува во буквално секоја ситуација на бојното поле. И при грубо ракување сè уште пукала, и можела да се расклопи на терен за неколку секунди. М-1 пушките требало да ја докажат нивната ефикасност и сигурност во песочните пустини на Тунис и Мароко, зимската кал на Италија, магливите алеутски острови, мочуриштата и џунглите на Гвадалканал и Нова Гвинеја, коралните острови Тарава и Окинава и снегот и мразот на Арденската шума. Современите полуавтоматски пушки како што се германската пушка 43 и рускиот Токарев СВТ-40 не можеле да се мерат според цврстината и леснотијата на употреба на М-1. Јапонците развиле прототип полуавтоматска пушка, но никогаш не ја достигнале фазата на производство. Британската армија го тестирала Гаранд М-1 како можна замена за своето оружје Ли-Енфилд бр.1 Марк III, но го одбиле по серија тестови под симулирани борбени услови. М-1 станала неопходен дел од американскиот арсенал за мали оружја повеќе од две децении, учествувајќи во сите театри на операции, на сите видови терени и крајности на временските услови и во секоја кампања и битка, големи и мали, во кои се бореле американски војници



и маринци. Воените команданти го фалеле оружјето на Гаранд и било признато дека на американската пешадија и дава голема предност во однос на своите непријатели. Се користела подоцна во Корејската војна во 1950-1953 година и во раните денови на војната во Виетнам. Компактниот карабин М-1, со рамка со 15 куршуми во калибар 7.62mm, бил развиен за употреба каде може да се носи или чува во ограничен простор. Го користеле падобранците, маринците, тенкистите и некои пешадиски единици на многу боишта. Неговата предност била во леснотијата на ракувањето и поголемиот капацитет на рамките за муниција. Исто така, биле достапни и рамки за 30 куршуми. Карабинот М-1 останал во активна служба во армијата на САД сѐ до раните 1960-ти и подоцна бил користен од многу вооружени сили на земји од третиот свет. Влијанието на М-1 на бојното поле ги стимулирало и сојузничките и непријателските сили да ја зголемат употребата на полуавтоматското и целосно автоматското оружје, како и да развијат нови видови на пешадиско огнено оружје. М-1 се покажала како пресвртница во развојот на малото оружје и клучен елемент во арсеналот на САД. За неговата заслужена работа во „Спрингфилд оружје“, на Гаранд му бил доделен Медал за заслужна служба во 1941 година и Медал за заслуги во 1944 година. Тој не добил авторски надоместок или било каков друг паричен надоместок над неговата скромна плата како државен службеник и тој слободно ги дал сите негови патенти на владата. Во Конгресот бил воведен предлог-закон за да му се доделат 100.000 американски долари како благодарност за неговите напори, но тој, на жалост, не бил усвоен. Голем дел од пушките М-1 биле поправени или обновени на крајот на Втората светска војна. Откако американските сили се вклучиле во војната во Кореја, Министерството за одбрана донело одлука дека се потребни повеќе пушки Гаранд, па договори биле доделени на повеќе фабрики за оружје во САД,  кои произвеле 500.000 пушки во текот на 1953-1956 година. Голем број на НАТО земји го усвоиле М-1 по 1948 година, а дополнителни 100.000 пушки Гаранд биле произведени во Италија од страна на компанија „Берета“, користејќи ги алатите од компанијата „Винчестер“. Маринскиот корпус во 1951 година ја усвоила варијантата на пушката, М-1Ц со оптичкки нишан, како нивна официјална снајперска пушка, а морнарицата исто така ја усвоила преработената Гаранд М-1 во калибар 7.62мм НАТО. Пушката М-1 останала во армијата на САД до



1957 година, кога била заменета со полесната, целосно автоматска пушка М-14. Неколку години откако излегла од производство, пушката Гаранд останала во служба во Националната гарда на САД и во армиите на многу други земји, вклучително и Грција, Данска, Турција, Италија, Чиле, Костарика, Гватемала, Хаити, Хондурас, Филипини, Тајван и Тунис. Една предност што М-1 Гаранд ја има над М-14 не е поврзана со борба. Нејзината рамнотежа и мазни линии ја направиле идеален избор за комплексно егзибиционо вежбање, во кое пушката се врти во различни насоки, се фрла и фаќа како палка. Во меѓувреме, М-1 Гаранд сѐ уште се користи од познатиот вод на американскиот марински корпус за егзибиции со оружје, како и од многу почесни единици на многу армии во светот. Откако на американските вооружени сили им обезбедил неспоредливо оружје во Втората светска војна, Џон Гаранд останал во „Спрингфилд оружје“ како консултант, верувајќи дека ќе добие некаков вид на надомест. Но, иако неговата работа била широко прифатена, таквата награда не дошла. Се пензионирал во 1953 година, и починал тивко на 86-годишна возраст во Спрингфилд на 16 февруари 1974 година.
Денес, неговата пушка М-1 ја фалат трговците на оружје, колекционерите и стрелците. Во овој нов свет на оружје од пластика и гол метал, пушката М-1 останува симбол на трајна убавина, но и на американската оружјарска памет, техника и технологија. Вистински култ на обожавање на пушката М-1 постои во САД, каде дејствуваат здруженија на колекционери и љубители на тоа оружје, кое таму се цени и почитува како незаобиколен великан на сојузничката победа во Втората светска војна. Од билбордите на саемите за оружје, преку пистите за егзирцир до стрелиштата, пушката М-1 е вистинска икона на американската огнена моќ.

Александар Стојчевски





# Трка за превласт во делот на артилериската огнена поддршка

За да се биде конкурентен во светски рамки, во воена смисла, треба постојано да се развиваат нови технологии и бескомпромисно да се биде во чекор со останатите армии. Во контекст на техничките спецификации за одредени вооружувања и системи напоменуваме дека истите се од отворени извори и не претставуваат класифицирани информации. Со оглед на тоа што не е можно да се споредат сите постоечки системи, во ова издание на магазинот „Штит“, споредбено во однос на повеќе критериуми, издвојуваме неколку актуелни артилериски орудија од разни армии во светот.

Генерално, сите армии во светот на одреден период вршат споредбени анализи на моменталниот статус на вооружувањето и опремата. како и разни проекции на долгорочен план за развој на системите, вооружувањето и останатите средства на употреба во однос на останатите армии во светот

**Табеларен споредбен приказ на главните тактичко-технички карактеристики на самоодни хаубици**

| Име | Главно вооружување (цевка-топ) | Максимален дострел | | Режим на стрелба | Капацитет на автономен транспорт на муниција |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Со стандардна муниција | Со муниција со зголемен дострел | | |
| M109 Paladin | 155мм 39 калибри | 22,6 km | 40 км (Excalibur) | 4 проектили во минута | 39 |
| K9 Thunder | 155мм - 52 калибри | 30 km | 55-60 km | 8 проектили во минута | 48 |
| PLZ-05 | 155мм 52 калибри | 30 km | 50+ km | 8 проектили во минута | 30 |
| PzH 2000 | 155мм 52 калибри | 30 km | 55-60 km | 10 проектили во минута | 60 |
| CAESAR | 155мм 52 калибри | 30 km | 55-60 km | 6 проектили во минута | 18 |

## Самоодни хаубици

„M109A6 Paladin“ е самоодна хаубица на американската армија, која е во употреба од 1992 година. Американската армија, во неколку наврати прави обиди да ја замени оваа хаубица со „Crusader“ самоодната хаубица и NLOS-C (Future Combat Systems vehicle). Последна верзија од фамилијата на „M109“ е „M109A7“, која е во оперативна употреба од 2013 година. Оваа хаубица има 4 члена послуга. Оваа самоодна хаубица првично е развиена од „Ground System Division“, сегашна „BAE Systems Land and Armaments“. „M109“ во разни верзии е дел од вооружувањето на многу армии во светот. Како основна верзија оваа хаубица за прв пат била употребена во војната во Виетнам.

„K9 Thunder“ е самоодна хаубица на армијата на Јужна Кореја. Производител на оваа хаубица е „Hanwha Defense“. Оваа хаубица од 2018 година се произведува и во варијантата „K9A1“. „K9A1“ е комплетно дигитализирана и може да истрелува преоктили со зголемен домет. Оваа хаубица има 5 члена послуга. Произведена е во 1999 година, а „K9 Thunder“ за прв пат била употребена во 2010 година во судирите со армијата на Северна Кореја.

„PLZ-05“ е самоодна хаубица на армијата на НР Кина. За прв пат оваа хаубица влегува во оперативна употреба во армијата на НР Кина во 2008 година. Како вооружување се наоѓа на употреба само во НР Кина. Производител на оваа хаубица е „Norinco“. Оваа хаубица има четиричлена послуга.

„PzH 2000“ („Panzerhaubitze 2000’) е самоодна хаубица на армијата на Германија. Производители на оваа хаубица се „Krauss-Maffei Wegman“ (KMW) и „Rheinmetall“. Оваа хаубица има петчлена послуга. За прв пат оваа хаубица влегува во оперативна употреба во армијата на Германија во 1998 година. Прва борбена употреба на оваа хаубица е во 2006 година во Авганистан.

„CAESAR“ е самоодна хаубица на армијата на Франција. Програмата „ЦЕЗАР“ (CAESAR) е развиена од фирмата „Nexter Systems и Renault“ – Р.Франција и истата е креирана за да ги замени постоечките артилериски системи: топот 155 мм TRF1 и самоодната хаубица 155 мм AUF1 кои се сеуште во оперативна употреба во армијата на Р. Франција. Оваа хаубица има 4-5 члена послуга. Програмата „ЦЕЗАР“ официјално е лансирана во 2004 година. Првите системи се испорачани во текот на 2008 година.

Славчо Кузманоски

# Нов ракетен систем ЛРСВМ М18 „Огањ"

На 18 јуни 2020 год. на воениот полигон во Никинци, српската армија изврши боево гаѓање со новиот ЛРСВМ М18,,Огањ". Кратенката ЛРСВМ има значење ,,Лансер Ракета Самоодни Вишецевни Модуларни". Но, што е новото кај овој ракетен систем? Врз основа на камионската шасија за воени потреби ФАП 2026, е развиен нов модуларен ракетен систем, од кој може да се лансираат цел спектар на стари и нови наведувани и ненаведувани ракети со максимален дострел од 50 km, кои се во производство од наменската индустрија на Р. Србија. Односно, од него може да се лансираат ненаведувани ракети со калибар од 122 mm, 128 mm и наведуваните ракети АЛАС, Кошава 1 и Кошава 2. Ненаведуваните ракети се лансираат од фабрички наполнети повеќецевни контејнери, додека наведувани ракети се лансираат од лансирните контејнери првично наменети за ракетите АЛАС. Инаку на возилото може да се постават од 2 до 8 лансирни контејнери во зависност дали се дејствува со наведувани или ненаведувани ракети или комбинација од истите. Кабината на возилото наменета за 4 члениот екипаж, е оклопена и штити од лесни пешадиски оружја и шрапнели на артилериски гранати. Од страните на кабината се вградени по 2 врати кои се опремени со блиндирано стакло, а за самоодбрана на кровот од возилото има отвор каде е поставена отворена купола со постамент за тежок митралез, со калибар од 12,7 mm. Возилото е опремено со инерцијален навигациски систем во комбинација со сателитски систем за навигација кој е поврзан со системот за управување со огнот, со цел автоматизација на нишанењето. Исто така е опремен и со радиокомуникациски систем за пренос на говорни пораки и податоци, потребни за борбеното дејствување. Инаку управувањето со лансирната платформа се изведува преку електронски систем, наменет за подесување на нивелацијата, елевацијата и азимутот.



# Нова српска верзија на тенкот „М-84 AS1"

На почетокот на месец јуни во ТРЗ Чачак пред министерот за одбрана на Р.Србија е претставена најновата значајно модернизирана верзија на тенкот „М-84", означена како „М-84 AS1". Во развојот на новата верзија на тенкот, е вклучен Воено техничкиот институт од Белград, ТРЗ Чачак и други компании. Според најавите на видните лица од одбраната во првата фаза на тенкот ќе бидат модернизирани или вградени нови 9 подсистеми, а во другата фаза уште 12 подсистеми. На прв поглед највидлива, е употребата на реактивен оклоп од модулите ЕРО М19 и М99 поставени на куполата и телото. На кровот од борбената купола, е вградена далечински управувана борбена станица со тежок митралез од 12,7 mm (најверојатно М87), наменета за дејство по цели на земја и во воздух. На куполата, е вграден и ТОМС панорамскиот нишански систем (со ротација 360°) од компанијата Телеоптик, кој поседува ласерски далечиномер (кој мери далечина до 10 km), широкоаголна CCD TV камера, црно бела камера со мал прикажувачки агол и термовизиска камера. Исто така вграден е дигитален метео столб опремен и со PIRS (Passive reconnaisance radar system/ пасивен извидувачко радарски систем) и вградени се сензори за детектирање од ласерска озраченост. Додека за потребите на возачот кај неговиот отвор се вградени камери. Командировиот информациски систем има компјутер со интегриран GPS и брз процесор интегриран со сите склопови, а новиот компјутерски систем во спрега со PIRS системот, сензорите за ласерска озраченост и камерите значително ја зголемуваат свесност на посадата за ситуацијата на теренот, односно боиштето. Преносот да податоците добиени од камерите до екипажот се изведува преку 5 LED монитори, од кои по еден се вградени за возачот и нишанџијата , а 3 се вградени за командирот на тенкот. На тенкот ќе се постават и нови гасени, а на борбената купола за топот 2А46 е вградена и нова цевка, со калибар од 125 mm. Воедно развиени се и нови гранати за топот и тоа моментна фугасна со ознака М86А1 и поткалибарна со ознака ПКО-ТМ ППУ 2019 ФМ5.

Според најавените планови на модернизација, првата фаза треба да се изведе во ТРЗ Чачак и би требало да започне при крајот од годинава и да заврши до 2025 година, односно во овој период треба да се модернизираат над 200 тенка, а втората фаза на модренизација треба да се реализира до 2030 година. Во втората фаза е планирано вградување на помоќен погон на тенкот, вградување потполно нов дигитален систем за управување со огнот и друго.



Ивица Дамески



# Тенковскиот музеј во Кубинка

Тенковскиот музеј во Кубинка своите почетоци ги бележи во 1972 година на просторот на поранешниот полигон за тестирање на оклопни борбени возила на Советскиот Сојуз.  Оваа зона, сè до 2014 година, беше забранета зона за јавноста, со оглед на фактот дека покрај тестирањата на своите нови оклопни возила на истиот простор за време на Студената војна се тестираа и запленетите оклопни возила од САД и Западна Европа кои беа праќани од боиштата и зоните на конфликти во Блискиот Исток, Африка, Виетнам во Кубинака, да се видат јаките и слабите страни на истите. Во 2016 година овој музеј станува огранок, дел од новиот и најголем тематски воен парк „Патриот“, така што опремата, експонатите и реквизитите се поделени на две локации – едниот дел на старата локација, а другиот во новоизградениот воен парк. Шеесет проценти од изложената техника во музејот се оклопни возила од советско потекло, додека останатите експонати се од унгарско, француско, канадско, полско, јапанско, американско и друго потекло. Музејот е посетен од околу 180 000 посетители годишно. Локацијата на музејот е место каде што еднаш годишно се одржува меѓународен т.н. „Тенковскиот биалтлон“, каде што тенковски посади од нелоку држави се натпреваруваат помеѓу себе во вешто управување, гаѓање, совладување на препреки и различни тактички постапки. Овие натпревари се одржуваат по неколку денови, најчесто пет до седум, во зависност од бројот на учесниците.

> Еден од поголемите тенковски музеи во светот, секако е тенковскиот музеј во Кубинка – Русија. Шеесет проценти од изложената техника во музејот се оклопни возила од советско потекло, додека останатите експонати се од унгарско, француско, канадско, полско, јапанско, американско и друго потекло. Музејот е посетен од околу 180 000 посетители годишно

Во својата колекција на оклопни возила, музејот во Кубинка има доста единствени и ретки видови на тенкови и оклопни возила, како на пример едиственион преостанат германски „Panzer VIII Maus“,  самоходната хаубица 60 см „Karl-Great“, големо тркало за чистење на мински полиња итн. Експонатите кои се изложени во музејот се поставени во неколку павилјони. Во првиот павилјон се сместени советските тешки тенкови и артилериски орудија. На самиот влез од павилјонот е поставен тешкиот тенк „IS-3“, во внатрешноста ќе може да се погледне самоодното артилериско орудие „SU-152“, направено за само 25 дена во текот на војната, единствениот преостана примерок на тенкот „Т-35“ т.е. тенкот со пет засебни куполи и посада од 11 членови кој е во возна состојба. Во овој павилјон е изложен и единствениот тенк со четири гасеници „Објект 279“ со специфичен облик кој е посебно дизајниран за мочурливите предели во нордиските држави. Средните тенкови и самоодни артилериски орудија се сместени во вториот павилјон. Низ изложените примероци е опишан развојот на средни советските тенкови од типот „Т-34“, па сè до денешните тенкови кои се во употреба. Покрај големиот број тенкови кои се изложени во овој дел на музејот, изложени се и видови муниција со нивните пресеци, прикажан е растот и развојот на „Т-34“ од првите модели, па до последниот модел, изложени се тенковите „Т-55“ „Т-64“, „Т-72“, „Т-80“ итн. Третиот павилјон е посветен на поранешните советските лесни тенкови, но и оние кои сè уште се во употреба. Голем дел од експонатите во 2016 година од овој павилјон се преместени во военио парк „Патриот“ кој се наоѓа на 15 километи од воениот музеј „Кубинка“. Борбени возила на пешадијата, оклопни возила, како и транспортери од советско потекло,  го исполнуваат четвртиот павилјон. Покрај возилата кои се изложени во овој павилјон има и кукли облечени во оргинална тенковска униформа која била во употреба во периодот од 1935 до 1942 година. Истите се поставени до првото произведено оклопно возило во Советкиот Сојуз. Колекцијата на оклопни возила и тенкови од американско, британско и канадско потекло се распоредени во петтиот павилјон. Дел од експонатите се добиени со размена со воениот музеј за

оклопни возила во Бовингтон, Британија, но има и дел од нив кои се воен плен од конфликтните зони после Втората светска војна. Некои од експонатите кои ги брои колекцијата: „Mk V «Rhombus“, „Mk VII “Churchill-Crocodile” , „Мк 13 “Centurion”, „Scorpion F.V.101“, „M48A3“, „M60A1“, „M113 ACAV“ итн. Во 2016 година, од овој дел на музејот, еден дел од експонатите се преместени во воениот парк „Патриот“. Несекојдневно ретка и голема колеција на оклопни возила од германско потекло од Втората светска војна е сместена во шестиот павилјон. Некои од исклучителните примероци се: единствениот примерок од најтешкиот тенк кој некогаш е произведен, „PzKpfw VIII Maus3, единствениот и најголем самооден 600 мм минофрлач „Karl-Gerät“, еден од шесте преостанати „Tiger” тенкови во светот, „King Tiger”, „Ferdinand”, копнено гасенично торпедо „B1a Goliath” и други. Последниот павилјон од музејот до почетокот на 2016 година беше пополнет со опрема од француско, јапонско, унгарско, кинеско, чешко, југословенско, италијанско и друго странско потекло. Но, со оформувањето на воениот парк „Патриот“, голем дел од експонатите се преместени на новата локација. Тематскиот воениот парк „Патриот“, кој е на само 15 километри од тенковскиот музеј, е еден од најголемите воени паркови во светот, а воедно е и воен музеј. Истиот, во 2016 година, е отворен од страна на тогашниот претседател на Русија, Владимир Путин. На простор од 80.000 м2 се сместени преку 5000 експонати и воена опрема; 46 000 м2 зафаќа павилјонскиот простор каде се изложени експонатите додека останатите 34 000 м2 е отворен простор на кој се поставени примероци од воена опрема и интерактивниот забавен сегмент. Самиот парк е поделен на музејски сегмент, изложбен и интерактивен спортски забавен сегмент. Изложбениот сегмент е наменет за организација на различни видови настани, како на пример конференции, симпозиуми, изложби, состаноци и слично. Во својата понуда овој дел има мошне напредна мултимедијална опрема, како и простор за околу 500 учесници, а има и посебни ВИП простории. Музејскиот дел е сместен во 11 павилјони и е поделен на неколку тематски целини. Пред самите павилјони на отворениот простор поставени се 270 парчиња на различно вооружување. Авиони, хеликоптери, оклопни возила, тенкови, вселенски ракети, противвоздушни системи и многу друга опрема која е или била во употреба во руските вооружени сили во последната декада. Во голем дел од воената опрема која е изложена, слободно може да се влезе, да се допре и да се фотографира.



Павилјоните во кои се изложени историските експонати се меѓусебно поврзани но, сепак, се поделени на неколку тематски целини. Иако сите се модерно уредени со мошне нагледни помагала, можеби најинтересна од сите целини е вселенската целина. Во овој дел се изложени делови од вселенската програма како што се: кабини од вселенски капсули, седишта од космонаути од одредени вселенски летови(мисии), опрема наменета за сателитска навигација, истражување на месечината, сателитска геодезија, комуникација и телекомуникации, делови од леталото „Сојуз“ итн. Друга тематска целина која е дел од овој музејски дел е посветена на историскиот развој на оклопната техника, како и на борбата на силите на Советскиот Сојуз во текот на Втората светска војна. Во овој дел, во 3 павилјони се изложени 60 оклопни возила (голем број преземени експонати се преземени од тенковскиот музеј „Кубинка“), главно од советско потекло, но има и со потекло од други држави. Интересен експонат во овој дел е пресекот на „Т-55“, каде во целост може да се согледа фунционирањето на овој тенк. Во 2 павилјони од музејот се распоредени голем број моторни возила кои биле користени во текот на војната од страна на сојузниците (Русија, САД, Обединетото Кралство, Канада итн). Одредени експонати кои се изложени се единствените примероци кои се останати или се само неколку останати во светот. Последните две целини во музејот кои се изложени се посветени на развојот на нуклеранаата технологија и борбите и искуствата од боиштето во Сирија. Третиот дел од овој тематски парк е исполнет со интерактивни спортски активности, каде што посетителите можат да гаѓаат со вооружување, да совладуваат препреки, да летаат на симулатори од авиони, на хеликоптери, од тенкови и слично. Овие два меѓусебно поврзани музеи се уникатни, имаат разновидна понуда и се несекојдневни.

Златко Блажески





# Зошто толку многу организации во САД остануваат „бели“

Наједноставниот начин да се размислува за организациската белина е преку статистика. На пример, црната застапеност на врвот на организационите хиерархии, измерена преку извршните директори во компаниите „Фортун 500“, е намалена од шест извршни директори во 2012 година на денешните три. Претседателите на универзитетите остануваат претежно бели (и машки), и покрај брзата диверзификација на студентската демографија, а академските хиерархии остануваат длабоко раслоени по раса, со црни мажи и жени и сочинуваат само 2% од редовните професори над рангот на асистент. Црните придобивки кај вработените во јавниот сектор – економскиот сектор, кои се одговорни за голем дел од растот на црната средна класа по реформите во ерата на граѓанските права – почнуваат да исчезнуваат по донесувањето на политики од приватниот сектор кои ги зголемуват дискреционите права на менаџерите и ја олабавуват заштитата на работниците. Нашето размислување мора да ги надмине бројките. И покрај тоа што дискриминацијата е официјално забранета и повеќето



организации никогаш не би рекле дека се расистички, исклучувањето е видливо во многу организациони процеси. На пример, многу елитни работни места користат небулозни поими за „соодветност“ или колегијалност и завршуваат со ангажирање на нови вработени со слично потекло на постојната бела работна сила. Тоа е затоа што овој навидум критериум за избор на неутрална раса може да ја направи белината на еден вид непроверена ингеренција, особено во светлината на историските процеси на сегрегација и дискриминација коишто помогнаа во создавање на расно хомогени работни места. Дискриминацијата, исто така, е вградена во рутинските начини на кои организациите прават бизнис. Белите корпорации може да го „минираат“ законот за антидискриминација бидејќи судовите гледаат на присуството на политиката за различност како на напор за добра волја (без оглед на ефективноста на таа политика). „Белите“ корпорации, како „Airbnb“, можат да го поттикнат гентрификацијата, односно развојот со намалување на достапните можности за доделување на станови, а белите банки можат да пренасочат ресурси од црните заедници преку дискриминаторски заеми и хипотеки што го редистрибуира црното богатство до белите банки. Во секој од овие примери, останувањето на ставот дека овие негативни исходи за луѓето со друга боја на кожа е резултат на неутралните сили на пазарот без расна компонента, што помага да се зајакне расната сегрегација и нееднаквост.

## Колку се сегрегирани работните места

Дел од одговорот има врска со она што социолозите го нарекуваат „социјална структура“: еластична дистрибуција на ресурси поголема од која било индивидуа и понекогаш има длабоки импликации во нашиот секојдневен живот. Даноците на наследство кои им овозможуваат на релативно непродуктивните деца на богатите да живеат удобен живот или, пак, расно сегрегираните и недоволно опремени со ресурси училишта, се такви примери на законски институционализирани социјални структури. Социјалните структури се моќни најмалку од две причини. Прво, тие можат да станат позајмувани позадини што прават нееднаквите односи да изгледаат нормални и природни при обликувањето на индивидуалните активности (овде се мисли на родови норми). Второ, тие дистрибуираат ресурси на начин кој може да трае (овде се мисли на континуирана станбена сегрегација и

> Во САД, „белите“ организации се еден вид социјална структура која комбинира идеи поврзани со расите (на пример, кој треба да менаџира а кој треба да оперира) со организациските ресурси. Формирањето на оваа структура, историски гледано, датира од времето кога ропството имало централна улога во формирањето на земјата

покрај отсуството на правни бариери за интеграција). Со ограничување на пристапот до имот и материјалните ресурси потребни за да се формираат и раководат организации, ропството создаде нееднакво конкурентна околина чии ефекти допрва треба да бидат целосно надминати. За време на ропството, црните луѓе биле сопственост, и немале заштита за основниот телесен интегритет. По формалното укинување, аранжманите како што се лизинг на осудените лица, црните кодови и поделбата на родот, овозможија континуирана организациска експлоатација. Слични процеси на експропријација беа наметнати на домородните Американци (одземање земјиште и непочитувани/раскинати договори; пстоење на резервати; обид за истребување), Мексиканци-Американци (програми за гости-работници со кои се ограничува добиање на државјанството и пристап до законската заштита, неопходна за формирање на организации), и азиските Американци







Неодамнешната анализа на терен за откривање на дискриминација покажува дека сè уште има високо ниво на дискриминација при вработување на Афроамериканците, и тоа  исто како на крајот на осумдесеттите, а дискриминацијата против Латиноамериканците малку е е намалена

( јапонско стажирање, палење на бизниси во кинеските квартови, одземање нна земјиште; закони со кои се ограничува имиграцијата; вработување и конкуренција на работна сила). Диференцијалната заштита и спроведувањето на законот, систематското недоволно образование и присвојувањето на ресурсите се историски карактеристики на луѓето „со боја“. Формирањето на „белата“ организација честопати се олеснуваше со овие чести-правни исклучоци/иземања. Многу доминантни американски организации кои се водечки бизниси и елитни колеџи, на пример, беа основани во средина на законски санкционирано и социјално прифатено исклучување. Дури и „небелите“ организации, на крајот, можат да бидат предмет на контрола на белата боја. На пример, во нејзината брилијантна книга „Боја на парите: црните банки и празнината на расното богатство“, правниот научник Мехраса Барадаран покажува како сегрегацијата и капиталот што црнците го собрале во црните банки на крајот се користел против нив. За времето на Џим Кроу, црните банки се потпираа на клиенти кои беа во неповолна положба на пазарот на трудот во однос на белите работници, особено таму каде што сегрегацијата гарантираше дека црните клиенти не можат да ги поддржуваат белите банки. Ова потпирање на релативно посиромашните клиенти ги направи црните банки помалку способни да инвестираат и да натрупаат профит. Сегрегацијата помеѓу банките, исто така, ги стави црните организации во неповолна положба. Според Барадаран, бидејќи банките честопати се потпираат едни на други за ликвидност за време на кризи, одбивањето на белите банки да им позајмуваат на црните банки го поставило за неуспех. После Џим Кроу, црните банки останале релативно недоволно капитализирани, и со тоа, веројатно, со поголеми можности да пропаднат. „Белите“ банки сè уште можат да ја искористат расно нееднаквата игра за да ги зголемат своите профити на штета на нивните црни конкуренти. И покрај трајната митологија на американскиот расен напредок, овие типови на организации произведуваат расни нееднаквости. Предаторските заеми кои беа насочени кон црните латино населби, на сличен начин се потпираат на расната сегрегација за да се добие профит. Оваа расна нееднаква дистрибуција на ризик придонесува за масовно уништување на богатството на црните и латино семејствата. За време на големата рецесија, црните семејства изгубија половина од своето богатство, а латините изгубија 67%. Многу обиди да се интервенира во расната нееднаквост претпоставуваат дека дискриминацијата е редок настан, намерни постапки на лошите (или барем не просветените) актери. Работодавците кои избираат да ангажираат бел престапник пред црно лице без криминално досие или истражувањето кое покажува дека работодавците имаат поголема веројатност од 50% да повикаат подеднакво квалификувани кандидати за работа со „бели звучни“ имиња, се важни примери на индивидуалниот пристап. И многу Американци лесно ја прифаќаат белата моќ кога е врзана за безобразни/бессрамни спектакли, како што е неонацистичкиот митинг во 2018 година во Шарлотисвил; насилството на белите надреалистички настани и непријатноста на придружната расна идеологија ги олеснуваат ваквите прикажувања. Доказите за индивидуална дискриминација се очигледно важни. Но, овие лоши актери или експлицитни погледи не можат да бидат одговорни за широките емпириски модели на организациска сегрегација и длабоко нееднаква дистрибуција на организациските ресурси. Исто така, важно е да се







размисли за тоа како нормалните (и правни) функции, главно на белите организации, се стекнуваат и како ги влошуваат расните нееднаквости. Тековните правни лекови за дискриминација зависат од моделот на лош актер. Вработените можат потенцијално да тужат за намерна дискриминација, на пример, ако работодавецот користи расен епитет. Како и да е, овие правни лекови нема да кажат малку за постапките за дискреционо унапредување, што може да им оди во прилог на белите вработени или на деловниот избор што сакаат да се лоцираат во соседството, што ги прави недостапни за луѓето со боја заради станбена сегрегација. Всушност, оваа последна активна дискриминација може да стане мотивација ако слабиот пристап до јавниот превоз и долг временски период на патување ги одразува луѓето со боја од базените за вработување. Научниците и менаџерите се охрабруваат да размислуват за тоа како организациите создаваат и дистрибуираат ресурси по расни линии на начини што не мора да се сметаат за нелегитимни или дискриминаторски но, сепак, може да ја обликуваат расната нееднаквост. Болниците кои обезбедуваат супстандардна нега придонесоа за зачудувачката статистика дека црните жени имаат 243% поголема веројатност да умрат при породување отколку белите жени. Училиштата што обезбедуваат супстандардно образование за црните студенти придонесуваат за таканаречениот јаз во достигнувањата. И црквите посветени на сегрегирани училишта поврзано со расната еднаквост придонесоа за растечката расна поларизација на земјата. Во секој од овие случаи, размислувањето дека засегнатата организација нема никаква врска со расата, може да биде особено штетна, бидејќи претпоставува дека само активниот однос на лекарите, наставниците или свештенството, несекојдневните задачи на давање здравствена заштита или дисциплинирање на студентите, можат да произведат расно нееднакви резултати, под претпоставка дека неутралноста на расата не ги почитува огромните историски докази за централноста на расата во обликувањето на американските организации. Игнорирањето на тоа како белите организации помагаат да се извршат расни штети, практично гарантира дека овие штети ќе продолжат. Побезбедно е, и веројатно пореално, да се започне со претпоставката дека организациите придонесуваат за расната нееднаквост, освен ако податоците не покажат поинаку. Нема лесни одговори кога станува збор за создавање поразновидни и правични средини. Со оглед на тоа колку длабоко се оформени американските организации од расната нееднаквост, нема надеж дека типот на структурни промени потребни за да се направат организациите по правични ќе се појават на хоризонтот во скоро време. Колеџите и универзитетите се повлекуваат од успешната политика за афирмативно дејствување, организациската сегрегација е постојана, а да се биде бел е клучен елемент за придвижување нагоре низ организационите хиерархии. Лидерите треба да престанат да размислуваат за дискриминација и нееднаквост како за ретки настани и да разберат дека расните процеси често обликуваат однесување во отсуство на лоша намера.

> Сегрегацијата не е природна. Сегрегираните исходи произлегуваат од експлицитна политика, или полиберално кажано, имплицитна пристрасност. Овие процеси се особено опасни кога веруваме дека една организација нема никаква врска со расата

Неодамнешните повици за репарации можат да обезбедат модел, бидејќи овие ги принудија некои организации да размислат за тоа како нивните корени во ропството придонесуваат за континуирана расна нееднаквост. Лидерите, исто така, би можеле да започнат да испитуваат како нивните одлуки за локација и вработување, меѓу другите избори, ги влошуваат нееднаквостите. Белите организации се обидоа да се справат со расната нееднаквост додека употребуваа ситни алатки. Организациите кои се сериозни во однос на менувањето на моделите на расната нееднаквост, треба да се движат подалеку од разновидност и вклученост и кон обесштетување и реституција.

м-р Билјана Поповска

*(адаптирано од: Victor Ray, доцент за социологија и афроамерикански студии на Универзитетот во Ајова https://hbr.org/2019/11/why-so-many-organizations-stay-white)*







# Државата и военото уредување за време на османлиите во Македонија

Династијата на османлиите ја развила Османлиската Држава од еден беглак (кнежество) врз урнатините на Селџучкиот Санџак во Мала Азија. Како што се ширела Османлиската Држава така се усовршувала и воената и државна организација. Беглербегот ги раководел двете провинции – Румелија, европскиот дел и Анадолија, азискиот дел. Турската војска била сувоземна воена сила (составена од Султанова гарда и Провинциска-ејалетска војска). Тука била и флотата, морнарица на чело со Бајазит Први. Спахиите, коњаницата, биле дел од ејалетската војска. Најпозната и најударна сила биле јаничарите. Тоа бил корпус на Султановата гарда создаден од 1329 година. Јаничарите биле регрутирани од заробениците и потчинетите христијани преку данок на крв. Тој данок се состоел од собирање на здрави и убаво градени момчиња, кои



потоа биле преминувани во ислам и подведени на специјално воспитување. Главен командант на сите воени сили тогаш бил великиот везир, а правното уредување се базирало врз основа на шеријатот, кој бил заснован на исламот, Коранот и Хадисот.

Македонија, пет векови била под турско ропство. Во еден период, 15-16 век, таа, врз основа на феудални општествени односи изникнала како деспотска држава со елементи на теократско владеење. Турците, во новонаселените територи, како и во Македонија, воспоставувале своја управа. Македонија во тој период била под Румелискиот беглербегалак, односно под т.н Паша санџак. Во 15-16 век биле создавани и Ќустендилскиот, Охридскиот, Солунскиот и Скопскиот санџак, кои зафаќале делови од македонската територија. Македонија полека ја делеле и на кази. Тоа било територија под компетенција на

еден кадија, а големината на казата зависела од бројот на муслимани во една дадена област. Турците полека доселувале нивно – турско население крај патиштата, плодните речни долини, крај морињата, езера итн. Во градовите се зацврстиле државни службеници, муслимански духовници, воени гарнизони и голем број занаети и трговци. Тука биле и Евреите кои пребегале од Шпанија и од Португалија пред ударот на инквизицијата и се населиле во поголемите градови во Македонија. Во 16 век имало околу 3000 еврејски куќи само во Солунската колонија. Во тој век биле доселени и Роми (Цигани), кои се населувале секогаш во групи во посебни скупини-џемаати. Покрај колонизација над македонското население почнал процес и на исламизација. Првите кои биле исламизирани биле христијанските деца и младите кои биле одделувани од своите родител и испраќани во Истанбул за да се школуваат или да се воспитуваат, а по извесно време и да бидат вклучени во Јаничарскиот корпус. Слична субина доживувале и воените пленици. Постепено се исламизирало и дел од старото благородништво за да ги зачува или за да ги прошири малите земјопоседи. Исламизрањето се вршело преку верски институции, преку бектешите и слично. Но, Македонците, сепак, успеале да си го задржат македонскиот јазик и многу од народните и од верските обичаи.

Основниот белег на феудалното уредување во балканските држави кои биле под османлиско владеење бил тимарско-спахискиот систем, односно мириската земја, чиј сопственик била државата, односно султанот и селанецот-рајата. Меѓу султанот и селанецот стоел феудалецот-сопственикот-спахијата, којшто како замена за својата воена служба добивал лено во рамките на мириската земја без право да го оттуѓува. Султатнот ги собирал приходите од царските хасови во кои, покрај дел од приходот од мириската земја, влегувале и приходите од рудници, трговија, разни такси и слично. Приходите од еден хас изнесувале најмалку 100 000 акчи годишно. Освен како хасови, мириската земја им била давана на феудалци како заемети и тимари. Тоа се условни владенија за извршување, најчесто на некоја воена служба како спахии-коњаници. Освен личното учество во војните ,во зависност од годишниот доход од своето феудално лено , спахиите биле должни со себе да поведат и дел вооружени коњаници-џебелии, помошници-гулами и да понесат панцири, шлемови и слично. Ако не ја исполниле воената обврска, тие го губеле својот тимар, а неретко и својот живот. Неоправданото отсуство од учество во воен поход се плаќало со смртна казна – бесење, често и пред сопствениот дом. Во Македонија преовладувале мали тимари, со годишни приходи кои се движеле од две до шест илјади акчи. Инаку, овие приходи реално биле до 19 999 акчи. Во Македонија, во редовите на спахиите имало и христијани. Според некој попис од 15 век, во Прилепската и во Кичевската нахија, од вкупно 100 тимари и два зеамета, во рацете на христијаните се наоѓале 27 тимари и еден зеамет, а во Дебарската област од запишани 98 тимари, 18 биле христијани.

Со воспоставување на тимарско-спахискиот систем продолжила експлоатацијата врз населението во разбојниците или како посада во некои тврдини и паланки. Војнуците, исто така, вршеле разни служби. Оделе во војна како борци или коморници, работеле во царската коњушница, на царските ливади и слично. Соколарите фаќале ,одгледувале и дресирале соколи за во лов, дервенџиите обезбедувале сигурен премин преку клисури и тешко проодни делови од воени и трговски патишта и слично. Овие и некои други групи биле делумно или целосно ослободени од некои давачки на државата како компензација за извршување на нивната специјална задача (рудари-маденџии, јагленари, катранџии, скелари и други).

Во овој период селското стопанство во Македонија било натурално. Се работело со стара земјоделска техника, се одгледувале секакви култури



Македонија кое плаќало феудална рента на феудалецот и државата, а плаќал и натурална, десеток, работна и парична рента. Се вршела тортура и експлоатација врз рајата со помош и на државата. Најчесто од сите возрасни немуслимани државата земала џезие или харач-паричен данок кој честопати бил користен за воени цели. Неговата висина зависела од економската сила од подрачјето каде што бил собиран и имотната состојба на обврзникот. Веќе спомнавме дека важен но, и понижувачки за потчинетиот народ бил данокот во крв. Исто така, биле воспоставени воени и полувоени редови како посебни групи на население, со специјални задолженија кон државата: мартолози, војнуци, соколари, дервенџии, мостари, оризари и слично. Мартолозите ги обезбедувале областите загрозени од ајдутите и и лозје, а биле развиени и разни занаети – табачки, ќурчиски и слично. Посебно Евреите и Грците придонеле за развој на занаетите и трговијата, за надворешната и внатрешната трговија. Се тргувало со венецијанците и со дубровчаните. Паричниот промет се развил. Биле користени турски монети, западноевропски, а основна парична единица била акчата. Се развило и лихварството,банкарството и рударството. Во Македонија се ковале и сребрени, а поретко и златни монети во Солун, во Скопје, во Кратово, во Сидерокапса, во Охрид. Иако во Османлиската Империја владејачка религија бил исламот, сепак, властите не спречувале постоење и на други религии. Така, и Охридската епископија ја сочувала својата организација, сè до 1767 година, која се ширела на сметка на соседните цркви.

Васе Митреска



# Шпанската граѓанска војна – „Војна на поетите“

Идеолошката поделба меѓу десното крило, националисти, и левото крило, републиканци, за време на војната го подели светот. Односно, во овој конфликт се вклучија многу земји и од страна на левото крило и од страната на десното крило. Многу од нив беа уметници, кои како волонтери станаа симбол на борбата за републиканската кауза. Некои од нив се бореа на фронтот, а други, пак, војуваа против националистичката пропаганда, обидувајќи се да соберат поддршка и разбирање од целиот свет. Многумина го загубија животот на барикадите на Мадрид, како и во битките низ цела Шпанија. Оние коишто преживеаја ги преточија своите доживувања во многу значајни уметнички дела. „Погледни ја Шпанија и ќе го видиш светот“, пишува Рекс Ворнер во својата поема „Туристички поглед кон Шпанија“ и директно го изразува обединувањето на светот што се случи по повод Шпанската граѓанска војна.
Преку своите стихови, со сензитивност кон страдањето и дух на младешки идеализам, поетите успеаја да ја подигнат политичката и моралната свест ширум светот. Борци со перо, но и борци на фронтот, од војната, нешто што е толку ужасно создаде значајни дела со силна естетска вредност.
Бидејќи листата на овие херои, „алхемичари на зборот“, е многу долга, во овој напис ќе се фокусираме само на тројца храбри шпански борци и едни од најзначајните поети на 20 век: Фредерико Гарсиа Лорка, Тристан Цара и Пабло Неруда.

**Фредерико Гарсиа Лорка**

Фредерико Гарсија Лорка бил значаен поет и драматург во предвоениот период. За да ја промовира социјалната еднаквост тој организира патувачки театар по шпанските села. Во јули 1936 година е уапсен од националистичката полиција и стрелан. Многу теоретичари ја разработуваат причината за смртта на Лорка, пред сè, затоа што тој бил аполитична фигура, иако бил отворен симпатизер на републиканците.
Омилен поет на Шпанците и неговата смрт предизвика влошување на релациите меѓу Републиканците и националистите ( само три дена по неговата смрт и официјално започна Шпанската граѓанска војна, замаглувајќи ги мистериозно причините за неговата смрт и вистинските причини за неговот ликвидирање никогаш не биле дознати, ниту пак е пронајдено неговото тело. Во поемата што ја напишал во 1929 г., седум години пред неговата смрт и почетокот на Шпанската граѓанска војна, тој ја претскажува својата смрт и дека нема да можат да го пронајдат неговото мртво тело, со што уште повеќе се мистифицира ликот на овој надарен поет до ден денес.









Шпанската граѓанска војна изврши влијание врз умовите на цела една генерација, на светско ниво. Конфликтот ескалираше во 1936-тата и траеше до 1939-тата година. Тоа беше војна на Втората Шпанска Република и на фашистичките сили на Франциско Франко, кој беше воен генерал којшто се стремеше кон реставрација на монархијата и поставување на воено диктаторство, коешто успева да го оствари на крајот од војната.

## Тристан Цара

Тристан Цара е еден од најзначајните надреалистички поети, како и основач на дадаизмот. Иако е Романец по потекло, тој храбро зема учество во Шпанската граѓанска војна. За време на војната, во повеќе наврати се бори од страната на Републиканците. Кога започнува војната тој живее во Франција, а во 1937 година заминува во Шпанија и учествува во бранење на градот Мадрид од силите на Франко. Откако ја преживува војната ја пишува својата колекција на поеми –,,Освоени јужни предели". Неколку од неговите поеми се вклучени во публикацијата наречена ,,Поетите на светската одбрана на шпанскиот народ".

## Пабло Неруда

Познатиот чилеански поет, Пабло Неруда, држел дипломатска позиција во Барселона, Шпанија. Таму тој се спријателува со Фредерико Гарсија Лорка. Како што Шпанија се вовлекува во граѓанската војна , така за прв пат Неруда станува нагласено политизиран. По егзекуцијата на Лорка , тој целосно се посветува да се бори против фашизмот. Заради политичката активност, тој ја губи позицијата на дипломат. Со своите пишувања и говори, со публикацијата ,,Шпанија во моето срце", тој ја искажува својата непоколеблива поддршка кон Шпанската Република. Кога републиканците ја губат војната, Неруда успева да оствари евакуација на 2000 бегалци од Шпанија, главно борци и нивните фамилии, и на тој начин ги спасува од можната освета од страна на фашистите. Со помош на неговиот несебичен ангажман, овие 2000 луѓе добиваат политички азил во неговата родна земја – Чиле.

Фредерико Гарсиа Лорка, Пабло Неруда и Тристан Цара се само малку од многуте поети учесници во Шпанската граганска војна, а нивните антифашистички поеми претставуваат едни од најзначајните поеми на 20 век.

Целиот виор на песни од страна на поетите низ целиот свет, инспирирани од војната, со многу лирика, зборуваат за страдањето и ужасот, за болката и неправедноста на војната. Но, она што ги прави посебно значајни песните е тоа што ја опишуваат и солидарноста која и е укажана на Шпанија од страна на припадниците на Интернационалните бригади. Оваа солидарност ја враќа вербата во човекот, во неговата подготвеност да се жртвува за својот близок и за неговите идеали.

Песните на поетите учесници во Шпанската граѓанска војна остануваат да бидат сведошттво за една несебична поддршка во светски рамки па, затоа, и не напразно оваа војна ја нарекуваат и „Војна на поетите".

Владимир Лазовски



# „Белите шлемови“

Повеќе би сакал да спасам еден живот, без разлика од која страна и да е, отколку да одземам еден“. Со овие зборови, еден припадник на таканаречените „Бели шлемови“ ја дефинира причината зашто се приклучил кон организацијата на таканречените „Бели шлемови“, откако три месеци претходно се борел со оружје од страната на отпорот во Алепо, Сирија, но неговото срце и неговата свест одлучиле да одберат друг пат.

Формирана во 2013 г., организацијата „Бели шлемови“, истовремено познати и како Сириска граѓанска одбрана, брои околу 3000 членови, обични граѓани, кои работат во 120 центри низ целата земја, а се специјализирани за медицинска евакуација, урбана потрага и за спасување на повредени. Од почетокот на нивното формирање, до времето на снимање на овој филм во 2016 година, 130 припадници биле убиени на должност додека спасувале други човечки животи. Во истиот тој период, 58.000 луѓе биле спасени поради пожртвуваноста и напорната работа на оваа волонтерска организација.

Но, денес, четири години подоцна, таа бројка е многу поголема и листата на спасени животи надминува 120.000, но истовремено и над 200 загинати „Бели шлемови“.

За некои „Белите шлемови“ се хуманитарци, но за други се терористичка група. Документарниот филм од продукцијата на „Нетфликс“ прикажува реални снимки од терен, од секојдневието на тројца волонтери кои секој ден своеволно трчаат кон бомбите од кои сите се обидуваат да избегаат подалеку, знаејќи дека секој момент е важен за некоја душа која се бори за здив затрупана во урнатини.

## Секој живот е подеднакво важен

Амал, Калед и Абу Омар припаѓаат на истата единица во Алепо. Едниот е поранешен градежник, другиот е поранешен златар, а третиот е поранешен кројач по професија. Велиме „поранешна професија“, бидејќи од почетокот на војната во Сирија тие имаат нова улога – да ги бараат и да ги спасуваат повредените под урнатините на бомбашките напади. Тие се првиот одговор на бомбардирањата во Алепо, еден од најпогодените градови во војната. Секој ден гледаат и вадат мртви тела под бетонските блокови на урнатите згради, но, честопати имаат среќа да најдат и сограѓани кои сè уште се борат за здив.

„Секој живот е подеднакво важен и драгоцен. Секое дете го чувствувам како мој син. Не знам да објаснам зашто тоа е така, но едноставно е









така“, раскажува Калеб, откривајќи ни една неверојатна приказна за два последователни бомбардирања во мало селце со малку куќи, каде по повеќе од 16 часа копање во прашината, успеале да извлечат живо новороденче, не постаро од една недела, заглавено под паднатиот бетонски таван. Ќерката на Калеб, во тој период имала само две недели и, гледајќи го ова бебе како го извлекуваат од прашината, за Калеб било исто како да ја спасил сопствената ќерка. Бебето ќе го наречат „чудо од дете“, не верувајќи ѝ на среќата да го најдат живо после толку време. Токму тие моменти на победа над смртта и последиците од војната се вистинскатата вредност и мотив на дејствувањето на „Белите шлемови“.



Овие тројца сограѓани, исто како и повеќето волонтери, немаат никаква претходна обука за спасување, па тимовите честопати одат во јужна Турција на обуки кои траат по еден месец. Таму учат разни техники, на пример, како да користат уреди за слушање за лоцирање на затрупани луѓе или како се пристапува кон гаснење на запалени објекти. Животите на многумина зависат од нивната брзина и прецизност. Со целата благородна позадина, оваа хуманитарна работа е многу небезбедна. Многу од пријателите-спасувачи на овие луѓе кои говорат во документарниот филм ги загубиле животите обидувајќи се да спасат други луѓе. Златарот Абу Омар загубил преку 30 пријатели од „Белите шлемови“, а Калеб, само за една недела се збогувал од дваjца негови пријатели.

## Додека има надеж, има и живот

Сите знаат што се случува во Сирија, целиот свет, но, нема кој да ги запре нападите, крвопролевањето и масакрот кој се случува таму. Оваа мисла остава тон на безнадежност кај граѓаните на оваа земја. И кога мислат дека не може да биде полошо, почнуваат воздушните напади на руските авиони, со фреквенција од 200 напади на ден и со разорна моќ на една бомба да уништи цела населба. Наспроти тврдењето дека власта се бори против ИСИС, цели на бомбардирањата се исто така и болници. При нападот на една болница, заедно со 24 други цивили, умира и братот на припадник на „Белите шлемови“, Абу Заид.

„Белите шлемови“ е филм кој ни покажува дека има нешто поголемо од војната, злото и убивањето луѓе, а тоа е хуманоста и жртвата да се спаси туѓ живот. Овие луѓе веруваат дека утре ќе биде поубав ден, дека она што е пред нив е подобро од тоа кое го оставаат позади, тие го одбираат животот пред смртта. Правдата и човечноста ќе надвладеат во светот, таа мисла е нивната надеж и нивниот константен двигател. Без надеж, колку вреди животот? Спасувањето е вистинска, чиста, неопислива среќа. Токму таа надеж ја гледаме во сликите од „чудото од дете“, новороденчето кое беше извадено од прашината, а кое година и половина подоцна, неговите спасители одат да го посетат и остваруваат трогателна, емотивна средба. Неговото постоење, неговата смеа и игра, се она коешто им дава смисла на нивната работа, пркос над разорната војна. Неговото постоење е како семе од кое пораснало силно и цврсто дрво. Бебето Махмуд, чудото од дете, ги има научено на трпеливост, на упорност и на неоткажување и при најмала слабост. Ова дете претставува мотив да не се откажуваат. Оваа работа за нив е света и е многу повеќе од граѓанска должност.

Нивното мото е: „Да се спаси еден живот, значи да се спаси целото човештво.

„Белите шлемови“, иако е документарен филм кој трае кратко, во само четириесетина минути успева да ја раскаже во прво лице приказната за постоењето на оваа единица, да пренесе слика од самото место, од самите напади и спасувачки мисии, да ни го прикаже секојдневието од една воена зона но, исто така, и да навлезе во емотивните длабочини на луѓето додека раскажуваат за нивните семејства, за нивната движечка сила, нивните видувања за светот, за војната, за животот и за смртта. Со нив сме низ нивните емотивни битки, среќата кога ќе случнат плач и глас во прашината, но и тагата кога ќе извлечат мртво тело. За сниметелот, Калеб Катиб, овој документарен филм е шанса да му се покаже на светот што се случува во Сирија, а добивањето на наградата „Оскар“ е признание за сирискиот народ, дека имаат поддршка од луѓето низ целиот свет. Признанието е дополнителна храброст за секој припадник на „Белите шлемови“, да стане наутро и да продолжи да го прави истото секој ден – да го најде животот во смртта.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Orlando von Einsiedel

**Продуцент:** Joanna Natasegara

**Директор на фотографија:** Franklin Dow

**Видео монтажа:** Masahiro Harakubo

**Музика:** Patrick Jonsson

**Времетраење:** 40 минути

**Земја:** В. Британија

**Година:** 2016

**Награди:** „Оскар“ за најдобар документарен филм



# Трпејца –
## една од најубавите туристички дес

Трпејца се наоѓа во подножјето на планината Галичица, во една природна вдлабнатина меѓу карпите на источниот брег на Охридското Езеро. Соседни села се Љубаништа на југ и Пештани на север. Од градот Охрид е оддалечено 25 километри.Трпејца е многу старо рибарско село со богата историја, за што сведочат остатоците од минатото. Со векови населението се занимавало со риболов, кој бил основниот извор на приходи. Се претпоставува дека името на селото потекнува од зборот „трпеза“, кои во време на верските празнувања биле поставувани крај некогашната тврдина, која се наоѓала на возвишениеto Осој јужно од селото, чиј дел со остатоци од ѕидини го носи името Градиште.

Трпејца преставува една од најубавите туристички дестинации во земјава, позната уште и како македонскиот Сен Тропе, па доколку сакате одмор во вистинска смисла на зборот, без гужва, галама, тогаш Трпејца е идеална за вас. Мир и спокој, интимност како ниедно друго место. Опкружено со ридови и планини, одлично за љубителите на планинарење. Кога ќе стигнете до езерото, ќе бидете изненадени од бисерната плажа и кристално чистата вода пријатна за пливање.

Селото е старо околу десет века. Затоа, тоа е мешавина на традиционални живеалишта и модерни куќи. Во близина на селото животот е мирен и рурален, со околу 300 жители. Луѓето во ова село се пријатни и гостопримливи, што е причина да го посетите. Неверојатниот поглед на зајдисонце ќе ве натера да се вљубите во ова прекрасно село. Плажата е од ситен бел камен и се протега на некои 200 метри покрај езерото, кое тука е сосема проѕирно и во кое се огледуваат белите каменчиња. На самата плажа се наоѓаат неколку вили кои имаат соби за изнајмување и повеќе сместувачки и угостителски туристички објекти.

Трпејца е идеално место доколку сакате да се одморите, поголемот дел од денот да го поминете на самата плажа, ручекот да го направите на скара онаму каде што сте сместени и да уживате врз белите каменчиња на плажата.

Кристина Илиевска



# тинации во земјава








